MACEDONIA
# Македонија
NEWSPAPER
December 16, 2024 ■ Volume 42, Issue 2 (472) ■ Free www.macedonianewspaper.com




FINO fine foods
... bringing Family & Friends together
this Holiday Season!
www.finofinefoods.com
contact@finofinefoods.com

Македонија

Е месечен весник, гласило на Македонците во Северна Америка.
Излегува во првата седмица од месецот.
Првиот број на "Македонија" излезе на први ноември 1984 година и оттогаш весникот излегува редовно, секој месец уредуван од Танас Јовановски за-



клучно со октомври 2013-та година од кога истиот е под уредништво на Соња Лозановска.
Почитувани читатели и соработници:
Вашите написи, коментари, огласи, реклами, соопштенија и друго треба да пристигнат во Редакцијата најдоцна до 1-от ден во месецот, за да бидат објавени во бројот за тој месец.
ЗАБЕЛЕШКА: коментарите објавени на страниците на овој весник со потпис на авторите или изворот на информацијата се мислења на истите и не секогаш го одразуваат ставот на Редакцијата.
Редакцијата на "Македонија" е одговорна само за текстовите без потпис.
Материјалите испратени на адреса на овој весник стануваат негова сопственост, освен ако за тоа претходно е постигната поинаква согласност.
Помогнете го весникот Македонија, помагајќи го ја помагате македонската заедница, македонскиот збор, македонската вистина..



*Со почит,*
*Соња Лозановска,*
*главен*
*и одговорен*
*уредник.*

*Технички*
*уредување*
*и дизајн*
*Соња Лозановска*

macedonia.canada@yahoo.com
Published by
901039 Ontario Limited

**Месечен весник на Македонците во Канада. Првиот број беше објавен на 1-ви ноември 1984 година.**

## *СРЕЌНИ НОВОГОДИШНИ И БОЖИКНИ ПРАЗНИЦИ!*

**Почитувани читатели,**
**Продолжувањето на нашата мисија во зачувување на македонската култура, јазик, идентитет и традиции е невозможно без Вашата поддршка и помош.**
**Затоа, Ве покануваме да го помогнете и да се претплатите на весникот Македонија.**
**Истиот ќе биде доставен во првата седмица од месецот до Вашиот дом или работно место.**
**Ви благодариме.**

**The Macedonian Orthodox Cathedral "St. Clement of Ohrid"**
76 Overlea Blvd. - Toronto, Ontario - M4H 1C5

**St Ilija Macedonian Orthodox Church**
1775 Bristol Rd W, Mississauga, ON

**St. Dimitrija Solunski Macedonian Orthodox Church**
201 Main St N, Markham, ON

**St Nedela Macedonian Orthodox Church**
485 Bayly St W, Ajax, ON L1S 6M7

**St. Nicholas Macedonian Orthodox Church**
5225 Howard Ave, Windsor, ON N9A 6Z6

**St. Naum of Ohrid Macedonian Orthodox Church**
1150 Stone Church Rd E, Hamilton, ON L8W

**CANADIAN MACEDONIAN PLACE**
850 O'Connor Drive, Toronto, Ontario, Canada M4B 3L6

**Stari Grad**
3862 Bloor St W, Toronto, ON M9B 1K9
starigrad.ca

**Markland Wood Pharmacy**
4335 Bloor St W, Etobicoke, ON M9C 2A5

**Old Mill Pastry Mississauga**
385 The West Mall, Etobicoke, ON M9C 1E7

**Pastries Delicatessen**
290 The West Mall, Etobicoke, ON M9C 1C6

**Sarajevo Grill & Meat**
225 The East Mall, Etobicoke, ON M9B 6J1

**Royal Meats**
3635 Cawthra Rd, Mississauga, ON L5A 2Y5

**Mrakovic Meat & Deli**
44 Wellesworth Dr, Etobicoke, ON M9C 4R1

## *Голема благодарност до нашите соработници:*

Танас Јовановски
- поранешен уредник на весникот „Македонија", колумнист

Отец Александар Тодоровски соработник за верата

Никола Петковски - креатор на крстозборот за весникот Македонија
Зоран Андоновски – соработник

Снежана Тешовиќ - македонско неделно училиште-Свети Климент Охридски

Ташко Кубановски - за рубриката „Афоризми"(Постхумно, архивирани необјавени материјали)

Зоран Карапанчев - фотограф, соработник
Боне Темелков - СМК-Канада

Специјални Дописници:
За Македонците од Албанија известува Никола Ѓурѓај
Горнан Јовановски-колумнист

Од Пиринска Македонија за весникот Македонија: Стојко Стојков
Блага Дафовска во рубриката „Поезија со повод„
Славе Катин - соработник публицист

Колумнисти:
Горнан Јовановски
Диме Костов
Каролина Ристеска- „Направи сам„

Су Иствуд- страница за македонски кулинарски специјалитети

Александра Петковска - соработничка од Македонската Заедница во Канада

*Contact: Macedonia*
***416-827-0954***

E-mail macedonia.canada@yahoo.com
http://www.macedonianewspaper.com


TRIPLE "A" CHEESE
Merry Christmas
AND
Happy New Year
Visit our retail store!
MACEDONIAN | MACÉDONIENNE
FETA
1KG
3KG
TRIPLE "A" CHEESE MACEDONIAN FETA AVAILABLE IN A VARIETY OF SIZES
10% OFF
YOUR IN-STORE PURCHASE
PRESENT THIS AD AT STORE
*One time use I No cash value
Expiry date March 1st 2025
RETAIL OUTLET CASH & CARRY
7190 Torbram Road,
Mississauga, ON L4T 3L7
Mon-Fri 8am to 4pm
905-678-7053 ext 205
WWW.TRIPLEACHEESE.COM




**Срећни празници од Маја Димитриевски!**

Ви посакувам вам и на вашите најблиски празници исполнети со радост, топлина и незаборавни моменти. Додека го славиме овој посебен период од годината, тука сум да ви помогнам да го најдете вашиот дом од соништата или да ја продадете вашата сопственост со внимание и експертиза.

**Планирате да најдете нов дом во Новата година?** Ајде да ги претвориме вашите цели во реалност!

Контактирајте ме на: **416-347-7689**
Е-пошта: **majadimitrievski129@gmail.com**

Ви благодарам за вашата доверба и поддршка оваа година. Нека празниците ви бидат прекрасни, а 2025 година успешна!

**Маја Димитриевски | Ваш доверлив агент за недвижности**






# ВО ПРЕСРЕТ НА РОЖДЕСТВО ХРИСТОВО



Пишува:
Протоерeј Александар Тодоровски
Парохиски свештеник во Епархиски соборен храм „Св. Климент Охридски" - Торонто
Тел. 654 801 9915; e-mail: fr.aleksandar@stclementofohrid.com

*„Христос се раѓа, славете Го; Христос доаѓа од небото, пресретнете Го, Христос е на земјата, возносете Го. Пеј Му на Господа, цела земјо, и весело пофалете Го, луѓе, зашто се прослави".*

Тоа се зборови од една свештена песна, која е составена за празникот Рождество Христово, со која светата Црква 34 дена пред тој празник почнува да ги подготвува своите чеда за достојно пречекување на Христа кој доаѓа од небесата на нашата земја.

А како доликува да Го пречекаме Богомладенецот Христос? За да можеме полесно да објасниме, ајде да одговориме на тоа како се пречекува земниот цар. Ако му претстои пат по пусти места, неуредни патишта, тогаш се превземаат мерки да се поправат тие патишта, за да се отстранат пречките кои можат да го забават движењето на царската кочија. Се даваат заповеди што ќе ги изразиме со зборовите на пророкот Исаија: „Секој дол да се исполни, секоја планина и рид да се снизат; кривините да се исправат, и нерамните патишта да бидат израмнети;" (Ис 40, 4). И ние сме должни да направиме таква подготовка за да го пречекаме доаѓањето на Царот Христос.

Ние сме должни да го благоустроиме патот на Христа кон нашите срца. Тежок е патот во пустината, но нели личи човечкото срце на пустина? Секој од нас нека се праша нели му е срцето непрооден дол од светски грижи така што преку него не може да се види небесната светлина? И така со посредство на самоиспитување, да го укрепиме во себеси сознанието за неуредната состојба на нашата душа која како непроодна пустина го преградува патот на Господа кон нас и да побрзаме со помош на Божјата благодат да го подготвиме тој пат.

Ништо толку не го отежнува патувањето на Христа кон нас, ништо толку не го оддалечува од нас како гордоста, особено духовната. Знаејќи го тоа, да стравуваме од подржавање на лажните праведници кои се самозадоволни само затоа што не ја знаат својата душевна состојба, туку, непристрасно да го изедначиме својот живот со законот Божји кој бара од нас, не само чисти дела, туку и чисти мисли. При тоа, да си спомнеме за страшните зборови на Писмото: „кој го пази целиот Закон, а греши само во едно, виновен ќе биде за сè" (Јк 2,10), и да согледаме колку сме бедни, сиромашни, слепи и голи доколку се оддалечиме од Бога. Само тогаш ќе ја согледаме потребата од Спасителот кога ќе ја спознаеме својата беда, сиромаштија, слепило и голотија. На таквиот - блазе си му, бидејќи Господ гледајќи го неговото смирение нема да задоцни благодатно да се приближи кон него и со Својата благодат да го утеши. Затоа да го засакаме смирението за да бидеме подготвени достојно да го пречекаме Господа секогаш, а посебно во празникој кој настапува.

Колку поусрдно очекуваме еден гостин, толку со поголема радост го пречекуваме. Со голема радост и поданиците го пречекувале царот кого одамна го чекале и кој најпосле ги удостоил со своето присуство и радоста ја изразувале со торжествени и народни восклици во негова чест. Со слична радост и ние треба да сме подготвени да го пречекаме небесниот Цар Хрисот кој доаѓа кај нас.

Но, заедно со тоа треба да се погрижиме нашата радост да биде духовна и да произлегува од најискрена благодарност кон безгранично милосрдниот Господ, кој заради нас луѓето и заради нашето спасение слезе од небесата. Лошо е ако во деновите на празникот кој доаѓа повеќе нè радува тоа што постот завршува и настапува време ослободено од вообичаените работи. Да не оставиме место во нашите души за таа сетилна, богопротивна радост, а да се научиме на духовна радост, својствена за луѓе кои од сета душа го сакале Христа Спасителот и вечното спасение. Таа духовна радост да ја споделиме со љубов кон ближните, бидејќи Христос со големо благоволение гледа на нашите подвизи, на љубовта и милоста извршувани во Негово име.

Ајде сега да видиме на што нè поучува Рождеството Христово. Во Витлеемските полиња пастирите ги паселе своите стада. Наеднаш се јавил ангел и им ја објавил радосната вест за раѓањето на Спасителот на светот велејќи им: „Ќе најдете повиен Младенец, кој лежи во јасли" (Лк 2,12). Овие зборови ни проповедаат за смирение, беда и самоодрекување. „Ќе најдете Младенец" – Тој Младенец слегнал од највисокиот степен на Својата сила и слава до најнискиот степен на слабост и беспомошност. Семоќниот Бог, чијшто престол е небото а подножје земјата, пред Кого сите сили на небото и земјата треперат, Тој Бог станал мало суштество. Он се смирил до толку што се симнал во утробата на Дева Марија, примил од неа тело и крв и станал човек. А кога станал човек Он пред сè станал слаб и беспомошен младенец, за кого дури и немало место во градот и во домовите и затоа Мајка Му отишла надвор од градот и Го сместила во пештера. Какво смирение!

„Ќе најдете Младенец повиен во пелени". – Тие пелени проповедаат за Неговата сиромаштија. Господ на небото и земјата, кому во служење кога Он се родил би требало да се јават сите богатства на земјата, Тој Господ се родил до толку сиромашен што и кај Мајка Му се наоѓале само две-три груби пелени со кои едвај било возможно до некаде да се покрие малото тело на Новородениот за да го заштитат од студ и ветар. Дева Марија и Јосиф, иако потекнувале од царски род, сепак биле сиромашни, и нивното патување од Назарет до Витлеем се случило неочекувано и брзо поради што тие со себеси морале да го земат само најнеопходното.

„Ќе најдете Младенец кој лежи во јасли". – Тие јасли ни проповедаат за самоотказувањето на Младенецот (за Неговото откажување од Самиот Себеси, од секакви удобности). Јаслите биле направени од неколку заковани даски и во нив пастирите ставале храна за својот добиток и тоа Му послужило како легло на новородениот божествен Младенец. Он бил поставен на грубо и студено сено кое се наоѓало во јаслите. Еве колку е длабоко самоодрекувањето на Младенецот Исус! Од своето раѓање Он самиот себеси се ветил на маки, непријатности и скрби.

Но, зарем не гледаме како Христовите јасли го осудуваат нашето самољубие, нашата страст кон удобности и наслади, нашето незадоволство и нетрпение кога ни се случува да поднесеме скрб, болест и срадања? Зарем не гледаме како раѓањето на Синот Божји во студената пештера нè учи на смирение и трпеливо поднесување на сиромаштијата. Да, смирението и самоодрекувањето се неопходни за христијанинот.

Примерот пак на Витлеемските пастири со висок степен е поучен за нас, кои кога ја слушнале веста за раѓањето на Спасителот на светот, од полето заминале во Витлеем за да го видат настанот и кои кога го виделе исполнувањето на ангелските зборови го прославиле Бога.

Пастирите не се посомневале во зборовите на Ангелското благовестие и веднаш заминале со свои очи да го видат родениот Спасител или, како што е кажано во Евангелието, да видат што се случило во Витлеем. И ние, исто така треба да отидеме во Витлеем и не само во Витлеем, туку и во Назарет, каде растел Богомладенецот, во пустината каде бил искушуван од ѓаволот, на Јордан, во Тиверијада, во Ерусалим и на Голгота каде го завршил своето големо служење. Да, и ние треба да го видиме она кое се случило на сите тие места. Но, да не кажуваме дека сме далеку од Витлеем и од сите места осветени преку животот и страдањата на Спасителот, бидејќи Витлеем е во нашиот храм; Витлеем е во нашата осамена соба, зашто и таму и овде секој може или да слуша или да чита за сè она што се случило во Палестинскиот град. Многумина можеби ќе кажат: „Но сето тоа сме го виделе, многупати за тоа сме читале!". Но, не е вистина! Тој кој зборува така не видел ништо слично, зашто ако навистина го видел Христа како лежи во јасли, како исцелува болни, како страда и умира, тој немаше да зборува со извесна мака: „Тоа веќе сум го видел!". Не, туку со радост би се ползувал од секој случај за да си спомне за таков бележит настан од Христовиот живот. Ако некој ладнокрвно зборува дека веќе знае за Христа и за Неговиот живот, таквиот ништо не знае; тој треба да оди по стапките на Христа и повнимателно да се загледува во сè кое Он го извршувал. И ако некој се обиде да го направи тоа, макар во текот на една година, ако го следи животот на Христа од лулката до гробот, тогаш тој на крајот ќе каже: Да, тоа е нешто важно и колку сум виновен зашто толку години рамнодушно ги одминував овие слики кои Светата Црква ги изобразува во своите служби пред погледот на своите чеда! Тогаш на човекот нема да му дојде на ум да го прекине созерцанието на Христовиот живот, туку ќе навикне да оди по неговите стапки и сиот свој живот да го сообразува со Неговото учење и пример.

Откако ги нашле Јосиф со Марија и Младенецот кој лежи во јасли, пастирите се вратиле кај своите стада славејќи го Бога за сè што виделе и слушнале. Пастирите повторно се вратиле на својот живот, на својата работа; тие не посакале и не очекувале Новородениот Спасител веднаш да ги избави од тешката наемничка служба со која биле обременети. Навистина високо смирение! А што се случува со нас христијаните? Нели се случува тоа што луѓето кои се сметаат себеси блиски до Бога, благодарение на своите молитви и жртвувања, веднаш да изразат незадоволство кога ќе видат дека нивното просење од Бога не е исполнето? Да, за жал тоа се случува во нашата христијанска средина, каде ми се чини дека веќе одамна требало да исчезне мислата дека Господ задолжително ги наградува своите исповедници овде на земјата со секакви добра и ги исполнува сите нивни желби. Таа мисла би им била простена на древните пастири – Евреи кои го очекувале возобновувањето на земното Израилско царство, а ние христијаните треба засекогаш да запомниме дека нашето сокровиште, нашата награда е на небесата (Мт 5,12).

После тоа, пастирите го прославиле Бога, а пак тие ја видела само зората на преродувањето, присуствувале само во почетокот на делото за спасението на човештвото. А како после тоа треба да Му благодариме и да Го прославуваме Бога кој сме Го виделе и постојано Го гледаме пред себеси најголемото дело на човечкото искупување извршено од Христа. Не треба ли после тоа сиот наш живот да биде пофална химна за слава Божја? Но да го фалиме Бога само со уста е малку: треба покорно и радосно да ги поднесуваме сите животни огорчувања кои ни ги испраќа Божјата Промисла, да трпиме сè со убеденост дека благодарение на родениот Христос ние ќе се спасиме од гневот Божји (Рим 5,8).

Најпосле, пастирите раскажувале за сè што им било соопштено од ангелите и на тој начин станале првите благовесници за Христа: срцето им било полно со радост и затоа зборувала нивната уста. А ние? Ние зарем немаме можност да ги подржаваме во тоа свето дело? Секој од нас може да благовести за Христа: мајката нека му раскажува на своето дете за Христа и нека го учи да му се моли Нему; таткото на семејството треба да управува со својот дом како што заповедал Христос, началниците треба да се однесуваат кон своите потчинети христијански. Со еден збор, секој христијанин какво место и да зазема секогаш може да објавува за Христа, како на своите блиски, така и на своите далечни.

Рождеството Христово е празник на сите христијани. Тие, својата празнична радост ја искажуваат преку разни свечености од црковно-верски и народен карактер. Тоа е празник на помирување на грешниот свет со својот Небесен Отец. Зашто со овоплотувањето и доаѓањето во светот, Христос му донесе мир, со крштевањето на реката Јордан – духовна просвета и со воскресението – спасение.

И ние, христољубивиот македонски народ, да бидеме како и досега, подготвени со чисто и смирено срце, со богатство на благодатна Божја моќ и со поголем израз на вноемната љубов да му пријдеме на Христа и да Го пречекаме и оваа година со голема радост Рождеството Христово. Да Му се поклониме, да Му ја искажеме нашата духовна смиреност и да Му подариме на Новородениот Христос дарови – богат духовен и миротворен живот!

AS9100C & ISO9001:2008 Certified

## VAC DEVELOPMENTS LTD
## http://www.vacdev.com

*2270 Bristol Circle, oakville Ontario L6H 5S3*

# *Bill Hristovski*




## *Join the VAC Dev Team!*

*An industry leader in precision fabrication of aerospace and defence products, we are growing our organization with people who share our passion and enthusiasm for manufacturing quality products.*

**На сите новодојдени од Македонија им даваме можност за вработување и обезбедување на обука во авио металската индустрија, лимарија, машинство и инжинерство, планирање и други можности**

## *VAC Developments Ltd careers*

***Warehouse Associate - Packing/Shipping/Receiving***
Oakville, ON • Full-time

***Sheet Metal Mechanic- Fabrication - Day Shift***
Oakville, ON • Full-time

***Sheet Metal Mechanic - Machining/Fabrication Shop- Afternoon Shift***
Oakville, ON • Full-time

***Planner Production - Machining/Fabrication Shop***
Oakville, ON • Full-time

***Manual Machinist***
Oakville, ON • Full-time

***Estimator Machining/Fabrication Shop***
Oakville, ON • Full-time

***Deburring Grinding Technician - Afternoon Shift***
Oakville, ON • Full-time

***Deburrer Grinding Technician - Day Shift***
Oakville, ON • Full-time

***CNC Machinist - Day Shift***
Oakville, ON • Full-time

***CNC Machinist - Afternoon Shift***
Oakville, ON • Full-time

***Assembler Part Markers -Aerospace***
Oakville, ON • Full-time









# INTERVIEW WITH THE PRESIDENT OF THE MACEDONIAN ORTHODOX CATHEDRAL CHURCH ST. CLEMENT OF OHRID IN TORONTO, BORIS STOIKOS

***S.L:***
Dear President, you recently celebrated the Patron Day of the church with dignity and quality. Happy Patron's Day, for many years to come!

***Boris Stoikos:***
Sonja, thank you for the opportunity to address your readers. I really appreciate the opportunity to address the Macedonian community of Toronto through your newspaper and this interview.

***S..L.:***
What impressions do you have from that day, that was dedicated to St. Clement of Ohrid, who is considered the protector of Macedonia and the Macedonian Orthodox Church?

***Boris Stoikos:***
As a Board of Directors and Executive we we're very pleased with the turn out from our Macedonian brothers and sisters as we had over 340 people in attendance. The banquet hall staff and our employees worked very hard to make it a successful event. We were very pleased with the entire evening, everything from the decorations, the meal, the music, the recognition of individuals, and the turnout to celebrate our Patron Saint, St. Clement of Ohrid.

***S.L:***
The year 2024 has passed, many renovations have been carried out in the Church of St. Clement of Ohrid. Please tell us what was done during the year?

***Boris Stoikos:***
It has been a very busy year for our executive and the board of directors. As I mentioned in my speech during Klimentova Vecher, I am very blessed and fortunate to work with an excellent board of directors and executive. Everything we do is to make St. Clement the Cathedral that it deserves to be. We are very proud of the work that we are doing, which builds on the work of our grandparents and parents who started this church as a place for Macedonians to come and pray, worship together, and gather. St. Clement truly is the hub of the Macedonian community in Toronto. Thank you to our Priests, Father Sasho and Father Aleksandar for their spiritual guidance and leadership. Thank you to all the employees at St Clement who help with the daily operations and the special events. We could not do this without you.



Over our two-year term we did a lot of work to improve our Cathedral. We are very proud of the following: commissioning our Fresco project and beautifying the interior of our church with frescos depicting the life of Jesus Christ, and Bogoroditza with angels; reviving our choir; making available various religious items such as books, bracelets, crosses and Icons for our congregation; having members of our congregation donate a new disc and chalice set, a new Bible cover, a new incenser, a new set of embroidered velvet icon flags for Easter service, just to mention a few; welcoming the Relics of St. Nectarios and the "Hawaiian" Myrrh-streaming Iveron Icon; the success of Family Day Liturgy; finally fixing the stairs out front of our church; updating the boardroom, and the office; commissioning three new metal icons on the exterior wall of the church; updating our phone system, the Wi-Fi in the church, and the new self-directed answering service; renovating the banquet hall downstairs; hopefully next week we will begin laying a new carpet in the upstairs banquet hall; mew flood lights in the parking lot; upgrading our security system; having two hand-carved icon holders donated to St. Clement; putting together successful events with excellent turnouts such as the summer festival, St. Clement Night, Bozik events, New Year's Eve, the Ladies Auxiliary Fashion Show with over 410 people in attendance; the Sunday Schools and Macedonian language classes for the kids; starting in the new year, Macedonial Language classes for adults; very successful events with our Literary society; Reviving our Gotse Delchev Club with the support of Mike Kozovski; getting our Liquor License back; beginning the project to enclose our cathedral with a beautiful iron fence; I will stop there as this is just some of the work that we have done over the past few years. We hope our parishioners are as happy with the work as we are. We do this for St. Clement and our Macedonian community to feel proud of what we have created over the past 60 years.



***S.L:***
How are you preparing for the New Year-Christmas holidays?

***Boris Stoikos:***
Our Priests are busy planning the services for the Holidays. The Ladies Auxiliary have ben busy baking and planning St. Nikola, the Children's Christmas Party and regular weekly bake sales; our church staff are busy planning and organizing our Bozik and New Year's Eve events that are being advertised on TV, Radio and posters at the various Macedonian Orthodox Churches.

***S.L:***
2025 marks the 60th anniversary of the Church of St. Clement of Ohrid, what are the plans for celebrating it's anniversary?

***Boris Stoikos:***
God willing, that we are re-elected, we are looking forward to a planning and organizing a special celebration for our 60th anniversary. What a special time for the Macedonian Community to see St. Clement celebrate 60 years! We should all be proud of the Church we have created. I promise you that we will have a celebration worthy of St Clement and the 60 years of memories created .
S.L: Mr. Boris, what will you say to the readers on the occasion of the New Year and Christmas holidays? Thank you.



**Boris Stoikos:**
**I would like to wish all my fellow Macedonian Orthodox Christians and their Families a Very Merry Christmas and a Happy New Year. May God grant you health and happiness in the New Year and may the glory of our Savior's birth fill your heart with peace and love this Christmas! All the best for 2026!**

**Би сакал на сите мои сограѓани Македонци право-славни христијани и нивните семејства да им посакам Среќен Божиќ и Нова Година. Бог да ви даде здравје и среќа во Новата година и славата на раѓањето на нашиот Спасител да го исполни вашето срце со мир и љубов овој Божиќ! Се најдобро за 2026 година!**

# НЕДЕЛНОТО УЧИЛИШТЕ ОД ЦРКВАТА СВЕТИ КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ ОД ТОРОНТО ВИ ПОСАКУВА СРЕЌНИ НОВОГОДИШНО-БОЖИКНИ ПРАЗНИЦИ



*Подготвила*
*Снежана Тешовиќ,*
*учителка*
*по македонски јаизк*

***Почитувани читатели!***

Еден од најзначајните настани во последниот месец од годината е Св.Климентовата вечер посветена на нашиот патрон Св.Климент Охридски.

Со Свети Климентова песна беше отворен најсвечениот банкет во годината.

Во преполната сала беше милина за очите и душата да се слушнат учениците од Македонското училиште заедно со црковниот хор предводени од протоерej Александар Тодоровски, а во музичка изведба на Љупчо Тупаноски.

По свеченото отворање на вечерта јас како учителка на македонското училиште се обратив до претседателот Борис Стоикос и останатите гости и присутни со поздравен говор. При тоа ја искажав важноста, а и значењето на македонското училиште како гранка од македонската православна црква каде секоја година континуирано се описменуваат децата на нашиот мајчин македонски јазик. Исто така нагласив дека македонскиот јазик е дел од нашиот идентитет и наше најголемо богатство.

Особено се радувам што тој број постојано се зголемува, а од 5 јануари наредната година ќе започне со работа и училиште за возрасни.Во таа прилика им посакав добредојде на сите заинтересирани што сакаат да го изучуваат македонскиот литературен јазик.

Во продолжение на програмата дел од учениците од Неделното училиште се претставија со стихотворби и рецитали.

А дека јазикот навистина треба да го чуваме и пазиме како црнката во очите слушнавме од Изабела Петровска која ни се претстави со стих."Родниот јазик".

За значењето на семејството,,за љубовта, почитта и помошта кон родителите слушнавме од Ангелина Тодоровска и Стефаниа.На голем аплауз наиде обраќањето на Стефан Грмашкоски кој ни' порача дека не е тешко да се чита и пишува на македонски доколку ги знаеме буквите.

Дали сме учтиви и како поздравуваме на македонски слушнавме од Кристиан Грмашкоски.

Како возрасните постапуваат со децата и што децата бараат од нив ги слушнавме Ева и Миа Настоски, додека Мила и Ева Марковски испратија порака до сите дечиња да чекорат гордо,среќно во животот и со добра мисла.

А како круна на вечерта беше музичката изведба на Ана Јорданоска со народната песна Јовано, Јованке која наиде на големо воодушевување и аплауз од сите присутни. Сакам да напоменам дека нашето училиште соработува со Литературното друштво Браќа Миладиновци.

Неодамна на иницијатива и предлог на Литературното друштво учениците од Македонското училиште заедно со своите родители го посетија Музејот на јазиците во Торонто.По тој повод учениците работеа вредно и упорно и се претставија со свои лични творби.Голема беше радоста на сите присутни да се слушне македонскиот јазик далеку од татковината.



### Мојот најсакан ден

Мојот најсакан ден во седмицата е недела.Тоа е последниот ден во седмицата, но за мене најомилен ден.

Во недела станувам рано и се спремам да одам во црква.Таму одам во Македонското училиште "Свети Климент Охридски".

Во училиштето учиме да зборуваме, читаме и пишуваме на Македонски јазик.Македонскиот јазик е јазик на нашите мајки и татковци и затоа ние децата сакаме што поубаво да го научиме.Во училиштето одат многу деца. Сите тие се мои другарчиња и едвај чекам да дојде недела и да ги видам.

По завршувањето на часовите одиме во некоја од салите и се играме.Играме различни игри и многу се забавуваме.

Затоа недела е мојот најомилен и најсакан ден. Изабела Петровска

### Мојот летен одмор

Јас одам во Македонија секое лето во Охрид и Струга.Македонија ми е моето омилено место за летниот распуст.Таму живеат моите баба и дедо, родители на мајка ми, мојот вујко, вујна и мојот братучед Благојче.Благојче е една година помал од мене и заедно си играме секој ден.Ние одиме на плажа на Охридското езеро, играме фудбал со децата кои живеат блиску до нас и одиме во игротека.Јас многу сакам да одам повторно во Македонија.

Стефан Грмашкоски

### Мојата сестра

Мојата сестра се вика Надица.Сестра ми има долга бујна, кафеава коса и кафеави очи. Мојата сестра има седумнаесет години и е во дванаесетто одделение.Таа ми помага за мојата домашна.Сестра ми се игра со мене. Мојата сестра и јас сме членови на фолклорната група "Македонка" при црквата Свети Климент Охридски.

Сестра ми и јас свираме на клавир.Наредната година сестра ми ќе оди на универзитет. Јас многу ја сакам мојата сестра и се гордеам со неа.

Ана Јорданоска

### Охрид

Охрид е мојот најубав град.

Минатато лето јас бев во Македонија со брат ми и моите родители.Ние посетивме многу градови и села, но мене најмногу ми се допаднаа Охрид и Струга.Тие се изградени на брегот на Охридското Езеро.Во Охрид има чаршија.Во чаршијата има многу продавници во кои може да се купи јадење, па и сладолед.Во Охрид има многу спомен куќи.Има толку многу цркви колку што има денови во годината.

Охрид е град кој е заштитен од УНЕСКО. Во Охридското езеро живее Охридската пастрмка.Се гордеам дека моите корени се од Охрид. Кристиан Грмашкоски

### Мојата фамилија

Мојата фамилија ја сочинуваат мајка ми, татко ми, мојата сестра Ева и јас.

Ние живеевме во Македонија во градот Скопје.Дојдовме во Канада на 21 Август 2019 година кога јас имав само 6 години.

Ние најпрвин живеевме во Нова Шкотска а по две години се преселивме во Торонто.Јас сум најмалата од сите во мојата фамилија.

Мајка ми е многу убава.Таа има зелени очи и руса коса.Татко ми има кафеави очи и црна кратка коса.

Мојата сестра е во деветто одделение а јас сум во шесто одделение.Јас најмногу на светот ја сакам мојата фамилија.

Мила Марковска

### Лето

Кога се зборува за омиленото годишно време, невозможно е да го заборавиме летото. Со нетрпение цела учебна година чекам да дојде летото.Тогаш времето е топло и сончево, денот е подолг и птиците пеат весели песни.

Секој распуст јас со мојата фамилија одиме во Македонија и Грција.Таму одиме на плажа и ги посетуваме нашите другари, пријатели и пошироката фамилија.А кога се враќаме во Канада јас секој ден се дружам со моите пријатели бидејќи не сме на училиште и денот е поголем.Затоа летото ми е најомиленото годишно време.

Ева Марковска

### Мојата татковина

Јас сум родена во Канада, но моите родители се од Македонија и Русија.

Мојот татко живееше во Македонија кога беше малечок.

Македонија има многу планини,реки,езера и многу убава храна.Моите баба и дедо живеат во Македонија и многу други роднини и пријатели.Една од моите најомилени братучетки живее во градот Куманово.Таа се вика Неда.Неда има мало братче и голем брат. Се викаат Алек и Петар.Кога јас бев во Македонија се капев во Охридското Езеро. Македонија е многу убава земја.Таа е мојата втора татковина и е бисер на Балканот.

Мариа Лазаревска

### Мојата најдобра другарка се вика Ведрана

Јас и Ведрана се познаваме уште од градинка, а учевме заедно и во прво одделение пред моето семејство да се пресели во Канада.

Секое лето сум возбудена што ќе патувам за Македонија зошто знам дека ќе ја видам мојата најдобра другарка Ведрана.

Ведрана живее во мојот роден град Охрид. Таа учи во седмо одделение и има единаесет години. Ведрана има долга црна коса, зелени очи и пеги на лицето. Таа е атлетски градена бидејќи игра тенис многу долго и освојува многубројни награди.

Кога сме заедно во Охрид, јас и Ведрана играме заедно одбојка, одиме на плажа, шетаме низ Охридската чаршија или пак играме игри со нашите другари на нејзината улица.

Иако сега јас живеам во Торонто, а таа во Охрид, сеуште сме најдобри другарки и често се слушаме преку социјалните мрежи.

Софија Целеска

Овие лични творби се објавени и во книгата за децата од Торонто за што сме благодарни, како и за подарениот ручек од страна на женската секција од McDonald's.

Во нашето училиште се чувствува празнична атмосфера во исчекување на Нова година и најголемиот Христијански празник - Раждество на Пресвета Богородица -Божиќ.По тој повод ги учиме Вечниот Бог и Божиќна песна.Во празнично расположение ја украсивме и нашата училница и новогодишната елка. Исто така разговараме со учениците како го прославуваме Божиќ и Нова година и кои подготовки ги правиме во нашиот дом.

Нека Христовото раѓање ни ги исполни срцата и душите со радост, мир и љубов.

Да се сакаме и возљубиме еден со друг!

**Христос се роди!**
**Навистина се роди!**










## *ЧЕСТИТО И ОД БОГА БЛАГОСЛОВЕНО ДА БИДЕ НОВОТО ЛЕТО ГОСПОДОВО*



**Само молитвата, тишината и љубовта се ефективни“.**
**Драги браќа и сестри - православни христијани, наоѓајки почивка во молитвата и тишината, преку верата и доверbата наидуваме на љубовта на Оној Кој заради нас се овоплоти, во Кого секој судир и битка престануваат. Преку Неговото Воплотување, мирот и силата Божји, доаѓаат да царуваат во нашите срца. Секогаш да ја прифаќаме таа љубов со покајание, смирение и благодарност, радосно споделувајќи ја со другите, на овој и на секој ден. На Христос, нашиот Бог и Спасител, роден на овој Божик, нека Му е секоја слава, заедно со Неговиот Беспочетен Отец и Неговиот Сесвет Дух, во сите векови. Амин. Честито и од Бога благословено да биде новото лето Господово. Христос се роди! Славете го!**

**Сашо Целески, парохиски свештеник во МПЦ СВЕТИ Клиемнт Охридски, Торонто**

## СРЕЌНИ НОВОГОДИШНИ И БОЖИКНИ ПРАЗНИЦИ ВИ ПОСАКУВА ПРЕТСЕДАТЕЛКАТА ВЕРА СТЕВАНОВСКА

Преседателката на женската секција од црквата Свети Климент Охридски од Торонто со својата управа Ви ги честита Новата Година и Божик со желби за добро здравје и успех на сите полиња.

На 1-ви декември 2024 година во организација на женската секција беше одржана Божикната прослава со која се заокружија активностите во текот на годината.

Весело, разиграно, исполнети срца и насмевки ги красеа лицата на Македонките и Македонците на прославата на која гостите ги забавуваа Љупчо и Душко.

,,Имавме успешна година со активности кои долго ќе ги паметиме. Посакуваме 2025-та да биде уште поплодна и посреќна,,- истакнува Стевановска.







# *СВЕТИ КЛИМЕНТОВАТА ВЕЧЕР 2024-ТА*

**Со низа свечености беше прославен патрониот ден на македонската православна катедрална црква Свети Климент Охридски од Торонто. Празнични богослужби и гала банкет со забележително присуство верници. Ви пренесуваме фотографии од Свети Климентовата Вечер кои се дело на Зоран Карапанчев. Годинашен Кум беше Никола Јосифоски со семејството.Кум до година ќе биде др. Енди Пенувчев со семејството.**



























# ST NEDELA MACEDONIAN ORTHODOX CHURCH, AJAX

ADDRESS:
485 BAYLY ST W, AJAX,
ON L1S 6M7

PHONE:
(905) 426-5355

## БОЖИКНА ЧЕСТИТКА ОД ПАРОХИСКИОТ СВЕШТЕНИК ВО МАКЕДОНСКАТА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА СВЕТА НЕДЕЛА ОД ЕЈЏАКС, ОТЕЦ АЛЕКСАНДАР ЗАШОВ



Почитувани браќа и сестри, годинава што помина беше доста плодна за нас како Македонска Православна Црква "Света Недела". Посетеноста во храмот беше одлична, многу луѓе се вратија на светите Богослужби. Исто така, се оддржа можам слободно да кажам, најуспешниот фестивал досега. Имавме преголема посетеност, организацијата беше повеќе од одлична, благодарение на целиот тим во Света Недела. Прославата ја започнавме се разбира со Света Литургија во саботата наутро и веднаш по Литургијата продолживме надвор скоро до доцните часови. Се чувствуваше позитивна енергија, нашите верници беа презадоволни. Имавме посета и од нашата сестринска Црква Свети Никола од Виндзор, коишто се потрудивме да ги пречекаме како вистински домакини.

Ние во Света Недела, се водиме според Христовите зборови:
**"Каде се двајца или тројца собрани во мое име, таму сум и Јас помеѓу нив".** Па така, водени од овие Христови зборови, успешно се отвори и Македонскиот Сениор Клуб. Секој Вторник повозрасните членови беа пречекувани на нашиот веќе далеку познат ручек. Покрај вкусното јадење, се оддржуваа и забавни игри, се слушаше преубава Македонска музика, се со цел нашите верници да се чувствуваат како дома.

Возљубени браќа и сестри, ни претстои период на празници, молитва, Свети Богослужби. Да го искористиме периодов да се измириме ако сме се замериле со некој, да си подадеме рака како вистински Христијани, да проштеваме и достојно да го пречекаме Христовото Раѓање. И ние како ангелите да го славиме Бога, кој заради нас се Роди, а тоа најдобро ќе го направиме земајќи активно учество во Светите Богослужби, постејќи и подготвувјќи се за Света Причест и само така, можеме да бидеме дел од Светата Црква и исто како мудреците од исток, да му принесеме достојни дарови на Христа.

Божјиот Благослов нека биде над сите вас, се надевам дека ќе се гледаме постојано во нашата преубава Црква Света Недела.

***Христос се роди, за многу години.***



## СРЕЌНИ ПРАЗНИЦИ ОД ПРЕТСЕДАТЕЛОТ СЛАВЕ БУНТЕСКИ

**Од мене, мојата сакана сопруга Зора и нашиот син Диме, упатуваме најтопли желби до македонскиот народ за среќна Нова година и благословен Божиќ!**

Оваа година беше предизвикувачка за нашето семејство, но исто така не научи важни животни лекции. Научивме дека со решителност, љубов и Божјата милост, ниту една пречка не е непремостлива.



**Нека овие празнични денови донесат мир, радост и среќа во вашите срца и домови. Ви благодариме за вашата несебична поддршка и посветеност кон нашата црква и заедница.**
**Христос се Роди!**
**Со благодарност и благослови,**
**Славе Бунтески**
**со фамилијата.**

## ПРАЗНИЧНИ ДОНАЦИИ И ПОДДРШКА НА ЗАЕДНИЦАТА ОД СВ. НЕДЕЛА

**Во духот на празничното дарување, Св. Недела со гордост донираше 5.000 долари на Feed the Need Durham во Ошава и 5.000 долари на Банката за храна на Армијата на спасот во Ајакс. Чековите беа предадени на 19 ноември од:**

- **Отец Протојереј Александар Зашов**
- **Славе Бунтески, Претседател на Св. Недела**
- **Славе Темелковски, Потпретседател**
- **Милица Попоски, Претседател на Женската Секција**
- **Владе Нешковски, Член на Одборот**
- **Мајк Кожовски, Претседател на Канадско-Македонските Пензионери во Ајакс**
- **Мила Нешковски, Благајник на Канадско-Македонските Пензионери во Ајакс**

**Овие донации беа овозможени благодарение на дарежливата поддршка на нашата заедница преку добротворните бинго игри во Delta Bingo Pickering.**
**Св. Недела, исто така, продолжува да ја поддржува заедницата преку други иницијативи и донации, кои ја одразуваат нашата посветеност кон помагање на оние кои имаат потреба и промовирање на духот на заедништво и солидарност.**









ADDRESS:
485 BAYLY ST W, AJAX,
ON L1S 6M7

PHONE:
(905) 426-5355

## ПРЕГЛЕД НА БОЖИЌНАТА ПРОСЛАВА ВО ЦРКВАТА СВЕТА НЕДЕЛА

На 8 декември, Женската Секција, под водство на нејзината посветена претседателка Милица Попоска, организираше распродадена сала за Божиќната забава во елегантно украсената свечена сала.

Гостите уживаа во 7 магични часа со жива музика од исклучителниот пејач Менде Куновски и специјален изненадувачки настап од младиот и талентиран кларинетист Андреј Ивановски, во соработка со Balkan Entertainment. За храната се погрижи познатата готвачка Марија Ангелевска, која ги воодушеви сите присутни со своите кулинарски вештини.

Забавата имаше и богата лотарија организирана од Женската Секција, која дополнително придонесе за веселата атмосфера и го збогати настанот.

На самата забава беше објавено дека ќе се гради мала црквичка во дворот на Св. Недела и дека веќе е отворена сметка за донации, со собрани 15.000 долари за изградбата.
Сите кои се заинтересирани да помогнат во изградбата на оваа прекрасна црква се повикани да се пријават кај свештеникот Александар Зашов
и да придонесат за оваа благородна цел.









**December 15, 2024**
**Appreciation Party at St. Nedela, MOC**

The St. Nedela community gathered for a memorable celebration honoring the dedication of its volunteers. President Slav Bunteski thanked all volunteers for their hard work and announced a generous $7,000 donation by Mike Mitre Kozovski.

The president of the Canadian Macedonian Seniors, Mike Mitre Kozovski also shared that the Seniors had donated $7,000 to support St. Nedela Church.
Fathers Aleksandar Zashov and Blagoja Dimitrievski blessed the church, with Father Aleksandar encouraging everyone to eat, drink, and enjoy each other's company. Guests enjoyed a warm reception with food and drinks provided free of charge, reflecting the generosity and unity of the community.It was a truly inspiring evening of gratitude and togetherness!



## ПРОСЛАВА НА ВАСИЛИЦА

**Датум: Во Недела, 12 јануари 2024 година со почеток во 12:00ч.**
**Забава: Жива музика од Христо Георгиев-Ице, Тасе Стојановски и Васко Петровски**
**Детали: После литургијата, ќе уживате во веселите звуци на македонската музика, прекрасно подготвените специјалитети на Марија Ангелески а дечињата ќе бидат изненадени со детски забавни активности.**
**Контакт: За да го резервирате вашето место, јавете се на Марија Ангелевски на 647-895-7451.**
**Цени за билети: $50 возрасни и $ 20 долари за деца.**

**Ќе ве забавуваат Ице, Тасе и Васко.**

## ДОБРОТВОРЕН БАНКЕТ ЗА СВ. МАРИНА

**Датум: 8 февруари 2024 година**
**Забава: Настапи од Соња и Оливер, Крис Димовски, Душко Петкоски и Диџеј Ане.**
**Прославете ја македонската музика и култура додека ја поддржувате историската црква Св. Марина во областа Мала Преспа, Албанија.**
**Оваа вечер ќе понуди неверојатна жива музика, изненадувања и активности за деца.**
**Цени со вечера:**
- **Возрасни: $60 Студенти: $50**
- **Деца под 12 години: $35 )**

**Придружете ни' се за една незаборавна вечер и помогнете да зачуваме драгоцен дел од нашето наследство!**



ST. ILIJA
MACEDONIAN ORTHODOX CHURCH
СВ. ИЛИЈА
МАКЕДОНСКА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА

1775 BRISTOL ROAD WEST
MISSISSAUGA ON L5M 2Y5
PHONE: 905-821-8050
WEB: WWW.ST-ILIJA.CA

PARISH PRIEST:
O. BLAGOJ PENEV
289-885-43347
FATHERBLAGOJ@ST-ILIJA.CA



# ЧЕСТИТКИ ПО ПОВОД НОВОГОДИШНО - БОЖИКНИТЕ ПРАЗНИЦИ



**Благој Пенев- парохиски свештеник од Македонската Православна Црква Свети Илија во Мисисага**

**БОЖИК**

Слава на бога во висините, на земјата мир, меѓу луѓето добра волја.
Раѓањето Христово нека ни' роди само светлина во нашите животи за да полесно чекориме по патот на вистината и до патот на спасението .
**Христос се роди! Навистина се роди!**

**ВАСИЛИЦА**

Светата православна црква го слави свети Василиј Велики кој овоземниот живот го претворил во вечност.
Навистина еве светител, кој иако живеел на земјата, целиот е на небото.
Го прославуваме ангелот во тело, човекот кој по Христова заповед својот земен живот го поминал во исполнување на Божјата волја.

**ВОДИЦИ**

Навистина Бог ни' се јавува и ни' ја објави вистината за Себе. Денес, Бог ни' се јави ни покажа кој е и ни' покажа дека Бог е Света Троица: Отец, Син и Свет Дух. Првиот човек Адам одпаднал од Бога и бил протеран од рајот поради својата непослушност кон Божјата заповед да не јаде од дрвото за познавање на доброто и злото.
Но човекољубивиот и многумилостив Господ Бог му ветува на човекот Месија-Спасител, кој ќе го избави од ропството на гревот и смртта.

Патот на спасителот бил подготвуван во Стариот завет од старозаветните праведници, патријарси и пророци, и на крај доаѓањето на Спсителот громогласно го објавил светиот пророк, претеча и крстител Јован. Тој на реката Јордан го повикувал народот на покајание, говорејќи: Покајте се зашто се приближи Царството Небесно.
**Бог се јави Навистина се јави.**




**Пензионерското друштво "Ривер Сајд" при МПЦ Св. Илија од Мисисага Ви ги честита Новогодишно-Божикните празници со најубави желби. На 3-ти декември 2024 година истото одржа еден од најуспешните организирани ручеци во текот на 2024-та година. Претседателот Горнан Јовановски изразува благодарност до семејството на Цим Маркович кој го подари ручекот во спомен на неговиот покоен татко Мајк. И во Новата 2025 Година Пензионерските популарните ручеци, продолжуваат да се одржуваат секој прв вторник во месецот. Овие ручеци се вистински прилики за квалитетно дружење каде што освен во вкусната храна, пензионерите меѓусебно другаруваат и ги споделуваат своите секојдневни животни случувања.**



**Македонките, активни членки во црковните секции од црквата Свети Илија од Мисисага, на 10-ти декември одржаа заедничка предновогодишна средба.
Притоа во празнично расположение ги сумираа резултатите од изминатата година, со желби и надеж Новата 2025-та година да биде уште побериќетна.**

**Видно расположените дами си посакаа среќни празници, кои ги упатуваат и до сите Македонки во Македонската Заедница во Канада и пошироко.**





# НАЈУБАВИ ЖЕЛБИ ЗА СРЕЌНА НОВА ГОДИНА И БОЖИК

***,,CHRISTMAS PARTY,, ВО ДУХОТ НА ПРАЗНИЦИТЕ, ПРЕПОЛНО ЉУБОВ И НАСМЕВКИ***

















На 30-ти ноември 2024 година во празнично украсената банкетна сала на македонската православна црква Св. Илија од Мисисага се одржа годишната ,,Christmas Party,,.Прославата е традиционална и во организација на женската секција од оваа црква под раководство на госпоѓа Весна Трајковска. Со првите снегулки над градот Мисисага оваа празнична ноќ беше и најава за празничните денови кои доаѓаат, но и прослава на уште една успешна заедничка година за Македонките кои се здружуваат за добробит на македонската заедница. Госпоѓа Трајковска обраќајќи им се на присутните дами не го криеше своето задоволство од огромната поддршка и сплотеност, од убавината на Македонките кои заблескаа во празничната ноќ.А нив ги имаше од сите градови на поширокта област на Торонто. Во забавниот дел настапија Крис Димовски, Соња и Оливер Бенд и диџеј Ане.

,, Им благодарам на уметниците за незаборавната забава, а особено на диџеј Ане која исто така донесе свежина на подиумот,,- вели госпоѓа Трајковска. Таа покрај тоа им се заблагодарува и на членовите на црковната управа кои вредно и со многу љубов работеа на барот и во кујната.Покрај песната и играта, женската секција се погрижи и за богата вечера и разновидни слатки специјалитети кои се послужуваа во празнично украсената сала.

Во текот на ноќта беше организирана и божикна лотарија со вредни награди меѓу кои и телевизор подарен од госпоѓа Тодорка Мачковска.






## НОВОГОДИШНО- БОЖИКНИ ЧЕСТИТКИ

**Диме Малаковски**
**Претседател во МПЦ Св. Димитрија Солунски, Маркам**



На сите наши почитувани верници, во Македонската заедница во Канада и пошироко во светот, се' до родната Македонија, им упатувам срдечни честитки по повод Новогодишно- Божикните Празници. Имајте радосни денови, исполнети со љубов, среќа и мир!
**Христос Се Роди!**
**Навистина се Роди!**



**Отец Горан Ристески парохиски свештеник во МПЦ Св. Димитрија Солунски, Маркам:**

Драги парохијани, почитувани верници во нашата црква,
Со мир во душата, љубов во срцето со верба во Бога, во слава на Христос да се радуваме, да простуваме, да сакаме и да се почитуваме.
**ХРИСТОС СЕ РОДИ!**
**НАВИСТИНА СЕ РОДИ**



**Сојна Алексовска Мириќ - претседателка на женската секција од Св. Димитрија Солунски**

Во мое име и во име на моето семејство ви ги честитам најрадосните Новогодишно- Божикни Празници со желби Новата Година на сите нас да ни' биде посреќна и поуспешна.
**Радувајте се! Христос Се Роди!**




**Почитувани,**

**Ве информираме дека почнувајќи од 22 -ри декември во недела во црквата Св. Димитрија ќе биде организиран пензионерски ручек. Ручекот ќе се сервира во банкетната сала по богослужбата. Сите сте добродојдени!**

---

**Dear friends,**

**We inform you that starting from December 22nd, on Sunday, in the church of St. Dimitrija Solunski, Markham a seniors lunch will be organized. Lunch will be served in the banquet hall following the service. You are all welcome!**

## БОЖИКНА ЗАБАВА ВО ЦРКВАТА СВЕТИ ДИМИТРИЈА СОЛУНСКИ

Женската секција од македонската православна црква Свети Димитрија Солунски од Маркам организираше Божикна забава на 15 декември во празнично украсената банкетна сала. Претседателката Сојна Алексовска Мириќ со својот тим вложи напори и оваа организирана средба на дамите да се памети долго.
Во музичкиот дел настапи популарниот ,,Балкан Ентертејнемт,, со извонредниот интерпретатор Менде Куновски.



Распеано, разиграно, празнично - се зборови кои ја отсликуваат атмосферата, а оттаму беа испратени желби за среќни празнични денови, во чиешто прославување и чествување, токму тие, Македонките ќе бидат најзаслужни.







# Macedonian Wines and Spirits Licence No. 54522









Enjoy Macedonian wines and rakija not available in the LCBO stores. Choose from two red wines, one white wine, one Rose, and Zolta and Bela rakija.

The BEST of Macedonian wines and spirits in Ontario, Canada.
Vranec, Merlot, Pinot Grigio, Rose Pinot Noir,
Stara Zolta-Brandy and Stara Bela Rakija- Starokrajska.
To order call or text Andy 416-735-2401 or email macedonap@rogers.com
www.MacedonianWinesAndSpirits.com


EST. 1994

**THE LERIN REGION MACEDONIAN CULTURAL ASSOCIATION OF CANADA**

**TO OUR MEMBERS AND ALL MACEDONIANS**

# MERRY CHRISTMAS

**AND A HAPPY AND PROSPEROUS NEW YEAR**

**In 2024 we celebrate our 30th Anniversary! The highlight of the year was our LERINSKO ORO Annual Dance which featured the popular Mokreni Brass Band from Lerinsko. Over 400 guests filled the St. Clement Main Hall to dance to Mokreni's songs and music. As a member you help promote our Macedonian culture and keep our Association strong.**



# DANCING, LERINSKI STYLE!

***What an event! Lerinsko Oro, 2024, was more than a "30th Anniversary Celebration of The Lerin Region Macedonian Cultural Association of Canada". It was an evening of heartfelt joy, friendship and fun, dancing to music and song performed by Halkina Ihohromata, our Macedonian band from Mokreni, Lerinsko. Thank you to everyone who was able to attend.***

***On behalf of the Board, the warmest of Greetings to all Macedonians.***
***Mary Outow, President***










## Интервју со познатиот естраден уметник Зоран Ванев, гостин во Канада по повод новогодишните празници

# Зоран Ванев



Почитувани читатели имаме чест да поразговараме со Зоран Ванев, еден од најквалитетните македонски интерпреатори на фолк музика кој долги години наназад живее во Швајцарија. Неговата музичка кариера започнува од родниот Штип, а денес е еден од ретките кој може да се пофали со импозантна кариера, омилен и почитуван кај македонската публика, но и кај публиката од поранешните југословенски простори. Настапува ширум светот до каде што има наши луѓе, а по повод новогодишните празници во организација на менаџерскиот тим на Сојна и Срѓан Мириќ е меѓу нас во Канада.

С.Л. Најнапред добро ни' дојдовте во Канада, какво е чувството пред големите настапи најнапред во Виндзор на 27 декември, а за Новогодишната ноќ на 31 декември 2024/1ви јануари 2025 и во најголемата наша катедрална црква-банкетна сала на Свети Климент Охридски во Торонто?

Зоран Ванев: Добро ве најдов добри луѓе, и голема чест и задоволство е да бидам со вас овде во Канада за најубавите и највеселите празници во годината. Од секогаш тие настапи посебно ме инспирираат и се едни од најлудите и највесели ноќи поминати во животот.



Посебна благодарност до менаџерскиот тим Сојна и Срѓан Мириќ кој навистина се потрудија да ме донесат во Канада.

С.Л. Во Канада живее една од најголемите македонски заедници во светот и не се сомневаме дека приемот ќе биде одличен, особено кога се работи за квалитетен пејач од вашиот ков.

Но да поразговараме за вашиот живот и работа во Швајцарија. Кажете ни' како дојдовте на идеја да заминете од Македонија, зошто токму Швајцарија и со што друго освен со музика се занимавате во вашата втора татковина?

Зоран Ванев: Навистина ми е чест да ја посетам оваа заедница и да споделам убави моменти, исто така и да доживеам еден ваков преием кај нашинциве овде, каде што на некој посебен начин ќе го обележат мојот живот поминат на неколку дена во Канада. Дочекот на нова година е посебен симбол за кој што ќе се секавате цел живот.

Мојот живот и работа во Швајцарија се навистина приказна за себе која посебно ме прави горд, затоа што живеам во една од најубавите замји на светот. Покрај музиката, мојата главна професија во Швајцарија е доктор на природна медицина. По завршувањето на природно медицинскиот факултет во Швајцарија, веќе 10 години имам своја ординација, и ги лечам сите болести во областа на природната медицина. Тој процес на школување трае до 5 години, после тоа и отварањето на мојата ординација беа причината што малку ме оддалечија од Гранд продукција во тоа време, и затоа одеднаш ме снема од музичката сцена. Но знаете како... се' во свое време, музиката и самото појавување на ТВ екраните е многу убава работа за оние што гледаат, меѓутоа се што е позади тоа мене лично најмалку ме правеше среќен. Сигурно се прашувате зошто??? И нели како малку чудно зучи??? Но... Секој пејач и секоја популарност не значи дека се' ќе оди како што посакувате. После секој успешен албум или секој Хит како што беа на времето ,,Лила,,, па и до ден денес неприкосновениот ХИТ ,,Јужна пруга,,, доаѓа моментот кога треба да се договараш за настапи широм светот. Тука почнуваат првите препреки, а тоа се преговори, договори околу хонорар, опасност од менаџери и сопственици на локали, кои не се коректни, едно зборат друго прават, непрофесионалност на секој чекор. Нормално јас отсекогаш имав соработници со кои немав никакви проблеми, но тие беа многу малку. Од сите тие причини кога на крајот од денот ќе ја поставиш својата кариера и нормалниот живот гледаш многу опасности од типот сигурен живот пред се'. Јас живеам во Швајцарија, и мојот животен стандард неможе да се мери со стандардите кај нас во Македонија или во Екс Ју просторите. Вие знаете како е во Канада и колкави се нормалните секојдневни трошоци. Од тие причини мојата музичка професија не се вклопуваше во стандардот кој се вика Швајцарија. Овде трошоците се едни од најголемите во светот, и затоа не можеше никако теоретски да одиш на настапи па дај колку мислиш. Во тој поглед не се чувтвував сигурен и затоа се одлучив да студирам и да се вклопам во систем на вредностите со кои би имал многу посериозни примања, осигуран и здравствено и пензиско, така да еден ден уживаш во она што го имаш остварено. А тоа за жал и до ден денес не е регулирано во музичкиот свет. Се е откачи закачи, од денес до утре.

С.Л. Да се навратиме на вашиот живот во Македонија, на почетоците, првите музички години и настапите низ Македонија. На што по толку години со носталгија се сеќавате и недостига во вашето швајцарско секојдневие?

Зоран Ванев: Младост-лудост како велат нашите,кој тогаш имал време да размислува на оваков начин како што сега размислувам. Во тоа време и доброто и лошото ти беа некако исто. За голема среќа во музичкиот свет многу повеќе доживуваш убави работи и затоа споменените ќе останат секогаш позитивни и со голема возбуда од нашата татковина. Јас веќе 26 години сум во Швајцарија и некако самиот живот се навикнал тука каде што живеам, и за жал многу повеќе работи кога би ги споредил со мојата татковина нормално дека ми паѓа криво зошто така да не е и кај нас во Македонија. Се надевам можете да претпоставите за што станува збор, да не бидам погрешно разбран подобро самите читатели ќе сватат на што се конкретно мислам.

С.Л. Често на социјалните мрежи споделувате за вашите настапи во Европа, но и во далечна Австралија каде што сте меѓу најомилените македонски интерпретатори. Кажете ни' за доживувањата од тие средби, каков е вашиот впечаток, колку како Македонци си ги негуваме и чуваме нашите музички традиции и посебност?

Зоран Ванев: Секако најубавите моменти кога ги споделуваш со своите фанови, или обожаватели на музиката која ја продуцирате и интерпретирате е најубавото чувство. Највеселите моменти во живото остануваат токму тие, и секако давате се од себе и на секој посетител кој доаѓа на вашите концерти да му остане во најубаво животно секавање. Поубаво нешто од тоа нема. Секако моите настапи ширум светот се доживување за себе, но морам да ги одвојам концертите во Австралија за кои можам да кажам ми се најмногубројни и во тој дел на светот во мојата кариера најмалку 15 до 20 пати имам правено турнеи. Можам само едно да кажам за Австралија дека до ден денес луѓето си сакаат да си уживаат во музиката а и не жалат пари за тоа задоволство. Вистински љубители на добри забави. Впечатоците како што кажав се неописливи, затоа сеуште ме прават среќен во животот кога треба да настапувам на убави места со убави луѓе. Јас не сум пеач кој било каде и за било која цена би сакал да настапувам, сепак јас си го имам нивото на мои соработници и ги почитувам многу како и тие мене што ме почитуваат. Еден од најпозитивните и најдобрите можам да го издвојам Влатко Јовевски од Мелбурн кој навистина е пред се' голем човек па се од она шти треба да поседува еден менаџер. Во Канада сум по прв пат и се надевам дека ќе си поминеме пред се' незаборавно, и да ја дочекаме новата 2025 со најубави желби. Пред се' голема благодарност до Сојна и Срѓан Мариќ кои навистина се потрудија максимално да ме донесат во Канада.

С.Л. Господине Ванев, како ги коментирате состојбите на денешната македонска фолк естрада и ако дозволувате да направиме споредба со годините кога и вие доживувавте подем на истата таа фолк сцена. Дали денес во Македонија на правилен начин се негува македонската фолк муузика?

Зоран Ванев: За жал денес не гледам фолк или поп естрада, нема никаква издавачка куќа која професионално ќе ја води музичката сцена во Македонија, за сега гледам се само не напредок. Секој си снима претежно Кавери и обработки на песни кои се снимени во своје време и на свое место. Секое оживување на постата музика од некогашните Македонски времиња ја уназадува во секој смисол музиката која денес би требало да доаѓа од македонските простори. Ние како нација сме премузикални за да се бавиме со старовремска музика. Јас не велам дека не треба да е застапена тој тип на музика, тоа секако треба да се негува, но во одредени граници. Музиката постојано треба да напредува во секој смисол, а не обратното. Јас им имав понудено 2014 на Македонија еден од најголемите проекти за кој бев спремен во тоа време да ја напуштам Швајцарија, и да се пренасочам комплетно во музичка продукција со која имав намера во соработка со Македонската Телевизија да направам вистинска музичка револуција во Македонија која ќе наликикуваше на Гранд продукција, но предноста и убавината ќе беше со изведбите на еден дел од шоу програмите ќе одеа во живо, а еден дел како плејбек. За жал преговорите со МРТВ не успеаја.

С.Л. Како што спомнавме на почетокот менаџерскиот тандем Сојна Алексовска Мириќ и Срѓан Мириќ се организатори на вашите настапи во Канада и цврсто веруваме дека интересот ќе биде повеќе од одличен.

Која е вашата порака до читателите на весникот Македонија по повод Новогодишно-Божикните празници?

Зоран Ванев: Можам само голема благодарност да изразам за манаџерскиот тим, посебно Сојна која навистина многу професионално си ја бркаше работата, и нормално даде се' од себе да се договориме за оваа прекрасна турнеа. Кратка ,но многу слатка. За вашите читатели на овој прекрасен весник можам само од срце да им препорачам... Читајте го весникот ,,Македонија,, затоа што се оригинални, со професионални дописници кои навистина го креираат секое интервју и случувања на вистински начин, а тоа е директни разговори со соговорникот, а не како некои за жал од македонските весници и портали кои си прават самоиницијативни интервјуа за кој воопшто го немаат контактирано соговорникот, туку,онака од ракав по објавена фотографија на некоја од социјалните мрежи. Останете вака оригинални и секогаш ќе имате најдостоен и најсакан весник, како во Канада ,така и во целиот свет каде и да се нашите Македонци.

Останете во добро здравје и само успеси да ве пратат во животот.

Голем поздрав до сите нашинци каде и да се во светот од Зоран Ванев.

Ви благодарам.

Соња Лозановска

# СЕ ОДРЖА ПРВАТА ЗИМСКА „БРАЈЧИНСКА СРЕДБА“ ВО КАНАДА







Селото Брајчино е уште едно автентично село кое припаѓа на Брсјачката етнографскацелина – Долна Преспа. Се наоѓа на илјада метри надморска височина, извезено на ридско-планинскиот предел, од двете страни на живописната Брајчинска река, која го дели селото на четири големи маала: Горна Маала (го зафаќа источниот), Долна Маала (северозападниот), Чороловска Маала (западниот) и Камејнче Маала (јужниот дел на селото). Секое маало раскажува приказна за себе која ве остава без здив, особено кога ќе ги погледнете куќите од резбан камен, калдрмисаните сокачиња кои тајни пријат и ве водат кон најубавата глетка на тоа што природата го створила, а тоа е Преспанското Езеро и соседните села, како ѓердани нанижени на планинските предели.Заживувањето на селото Брајчино се должи благодарение на прекрасната местоположба и неповторливата природна убавина, климатските услови на воздушна бања, бистрата и ладна изворска вода и другите природни реткости. Тоа е особено изразено од влијанието на Пелистер со Баба Планина и на Преспанското Езеро.

Брајчино е познато по средновековната тврдина „Кула“, како и по петте цркви и едниот манастир. Свети Никола е селската црква, која е изградена во 1871 година и до која се наоѓаат селските гробишта, потоа црквите Света Богородица, Свети Илија, Свети Архангел (обновена 1916 година), и Свети Атанас (обновена 1984 година)

Секако, манастирот „Света Петка“ е едно од поважните духовни светилишта не само за Брајчино, туку тој е и еден од позначајните споменици на поствизантискиот период од преспанскиот крај. Манастирот се наоѓа во непосредна близина на селото, на едно ливадско плато, а е изграден во XVI век. Во чест и слава на света Петка, селска слава за брајчинци се слави на 8 август.

Според пишаните документи, манастирската црква „Света Петка“ во Брајчино е една од постарите храмови во Преспа. Според познавачите живописот е правен во периодот од 15 до 17 век. Конаците се градени во 1910 година, на остатоците на опожарениот конак од 19 век. Многу оддамна, во манастирската црква имало училиште за монаси. Меѓутоа, за еден подолг период манастирот и конаците биле руинирани, а и човечката рака оставила лоши траги по фреските и по ѕидовите. Иницијатива за враќање на стариот сјај на манастирската црква „Света Петка“ започнала во 1978 година, кога жителите на Брајчино сами ја почнале обновата на конаците. Се чини пресудна беше 1995 година, кога Селскиот одбор одлучно дал иницијатива да се обнови манастирот и конаците.

Затоа, во изминатиот период брајчинци и нивните пријатели се потрудиле да создадат подобри услови на луѓето кои доаѓаат од многу места од Македонија и од дијаспората. Како резултат на тоа, во манастирската црква „Света Петка“ сѐ е обновено: конаците, фасадата, чардаците, скалите, изградена е кујна, две трпезарии, гостинска соба за дневен престој, владичка соба и три соби за спиење.Со тоа манастирот „Света Петка“ во Брајчино стана значаен религиски споменик во Преспа и во Македонија.

За одличната организација на зимска Света Петка беа заслужни членовите на управата на чело со претседателот господин Питер Шуковски. Средната сала на македонската православна црква Свети Климент Охридски беше претесна да ги прими гостите, а за прекрасните цветни декорации се погрижија Питер и Сузи со нивната продавница Нофрилс.

Вечерата беше подарена од господин Крис Шуковски, музиката беше дар од госпоѓа Тодорка Мачковска со семејството како и господин Јосиф Попјаневски со неговата фамилија. Госпоѓа Мачковска која е позната и призната Македонка, дарителка во Македонската заедница и овојпат го обезбеди медиумскиот простор и рекламата на настанот во македонските медиуми во Канада, радио програмата ,, Обединета Македонија,, и весникот ,, Македонија,, . Во организацијата на настанот учествуваше и госпоѓа Вера Вежовска Петревска.

На банкетот присуствуваа претседателот на црквата Света Недела од Ејџекс господин Славе Бунтески, претседателот на прилепското друштво ,, Маркови Кули,, господин Ице Јанкуловски, како и претседателот на друштвото ,,Мала Преспа ,,господин Босилко Аговски со членови на нивните семејства и управи.

Добрите пријателски врски со Брајчино во Торонто ги потврдија и претставниците на многу црковни управи.

Лебот,виното и пченицата од кумата за оваа и следната година госпоѓа Милица Најдовска ги благословија отец Илија Димитриевски,отец Александар Тодоровски и отец Благој Пенев.

Друштвото упатува голема благодарност до сите кои донираа подароци за лотаријата, но и на вредните Македонки за домашните слатки десерти.Брајчинскиот банкет во чест на Св. Петка беше збогатен со веселата музика на Крис Димовски и Соња и Оливер Бенд.

Пишуваат: Славе Катин и Соња Лозановска







# ДРУШТВОТО ,,ЛАЖЕЦ,,ОД ТОРОНТО ОДРЖА БАНКЕТ ВО ЧЕСТ НА ПРАЗНИКОТ МИТРОВДЕН

На 9-ти ноември во Торонто се одржа свечена прослава во чест на селската слава на селото ,, Лажец,, од битолската околија.Организатор на банкетот беше друштвото ,, Лажец,, од Торонто чијшто претседател е Мајк Мишевски.Кумови на славата во чест на Св. Димитрија Солунски беа Лича и Васко Василевски, а за следната година кумството го презеде фамилијата на Вера Кондовски.Во чинот на благословувањето на лебот, виното и пченицата учествуваа свештениците Илија Донев и Сашо Целески. Освен гости со потекло од Лажец присуствуваа и пријатели и почитувачи на друштвото Лажец од околните места: Драгош, Жабени, Лавци, како и гости од Кичево, Рапеш, Мариово и претставници на Тетовското Друштво ,, Шар Планина ,, од Торонто. Во забавниот дел на настанот кој се одржа во реновираната банкетна сала ,,Б,,на црквата Свети Климент Охридски во Торонто гостите ги забавуваше Соња и Оливер Бенд.











## СРЕЌНИ ПРАЗНИЦИ ОД МАКЕДОНСКАТА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА СВЕТИ НАУМ ОХРИДСКИ ОД ХАМИЛТОН



### *MERRY CHRISTMAS AND HAPPY NEW YEAR*

On behalf of myself, my wife Violet and our family, we would like to: Wish everyone a
Joyous Christmas
and a New Year filled with
Peace, Prosperity, Health & Happiness!

***Chris Klashoff, president- MOC St. Naum of Ohrid, Hamilton***



### БОЖИКНА ЧЕСТИТКА

Драги браќа и сестри во Христа Бога, од името на моето семејство и нашата М.П.Ц. Св. Наум Охридски ви ја честитаме новата 2025 година и за многу години Христовото Рождество - Божиќ. Ви посакуваме мир, здравје и благосостојба во вашите домови. Христос се Роди! Навистина се Роди!

***Отец Ангел Станчев, парохиски свештеник во МПЦ С. Наум Охридски, Хамилтон***






## *СРЕЌНИ НОВОГОДИШНИ И БОЖИКНИ ПРАЗНИЦИ ВИ ПОСАКУВА РАКОВОДСТВОТО ОД МПЦ СВ. МАЛА БОГОРОДИЦА, КЕМБРИЏ*



### СРЕЌНА НОВА 2025 ГОДИНА

Христовата светлост нека ви го осветли домот, среќата нека ја победи тагата и Бог нека ви подари се' што немате и сочува се' што имате. Божјата милост насекаде нека ве прати, нека за доброто со добро ви се врати. Во телото здравје, во душата мир, во мислите радост, во срцето младост, во љубовта среќа Христос насекаде да ве води,

**Среќен Божик,**
**Христос се роди! Навистина се роди!**

**Гоце Деспотовски парохиски свештеник во МПЦ Св. Мала Богородица од Кембриџ.**





**Бранкица Кузмановска Матеска –претседателка на црковната управа во Македонската Православна Црква Света Мала Богородица- Кембриџ**

-" Божик и Бадник се празници коишто го зближуваат семејството.Божиќ е празник кога целото семејство е заедно.Кога домот е исполнет со топлина и радост во исчекување на Исусовото раѓање.

Нека овој Божиќ ги исполни домовите на сите православни христијани со здравје, благосостојба, љубов и верба во Бога.За многу години да ни се Божиќните и Новогодишните празници на сите Македонци во целиот свет. Христос се роди! Навистина се роди! "

**Божиќна порака од Претседателката на Женската Секција, МПЦ Св. Мала Богородица, Кембриџ, Живка Змејкоска:**



" Нека Бог ги благослови сите домови каде што неговото име се слави.
Среќен Божик
и среќни Божикни празници.
Божјата милост насекаде нека Ве прати, нека доброто со добро
Ви се врати."

**Христос се роди!**
**Навистина се роди!**

# MACEDONIAN CHILDREN RELIEF FUND ОРГАНИЗИРАШЕ УСПЕШНИ “BAKE SALE” НАСТАНИ

Во неделата на 24 ноември 2024 год. во Македонската Православната Црква “Св. Недела” Macedonian Children Relief





Fund направи “Bake Sale” продажба на: пити, кифли, тулумби, баклава, колачи и други слатки.
Голема благодарност до управата на црквата “Св Недела” со претседателот Славе Бунтески што ни' ги отворија вратите да го направиме овој “Bake Sale” и благодарност и до женската секција што ни' помогна.
Исто така “Bake Sale” направивме и во Македонската Православната Црква “Свети Димитрија Солунски” на 20 октомври 2024 год. И таму беше успешна. Затоа сакам да им се заблагодарам и на управата со претседателот Диме Малаковски, на женската секција за помошта и на сите што помогнаа тој ден да имаме успешна “Bake Sale”.



Продажбите беа успешни. Голема благодарност на сите што донесоа месени работи да се продаваат, сите што дадоа донации, сите што продаваа и сите што дојдоа да си купат тоа што се продаваше.
Сите финансиски средства што се собраа од овие “Bake Sales” одат во Македонија да помогнат на деца без родители, и на тие на коишто им треба најповеќе помош. Ги помагаме и детските болници во Канада.
Секој оној што ќе даде донација за ова детска асоцијација добива tax receipts.
“Macedonian Children Relief Fund” е единствена Македонска асоцијација од ваков вид во Канада која помага деца во Македонија. Благодарам,
Претседател Андон Плуков

***СРЕЌНИ НОВОГОДИШНИ И БОЖИКНИ ПРАЗНИЦИ ВИ ПОСАКУВААТ ЧЛЕНОВИТЕ НА ЛИТЕРАТУРНОТО ДРУШТВО "БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ", ОД ТОРОНТО***








**Промоција на книгата збирка песни "Светиите наши" во организација на Литературното друштво "Браќа Миладиновци", од Торонто , одржана на 24ти Ноември во просториите на црквата Св. Недела во Ејџекс, Канада.**


























# ALEXANDER THE GREAT AUTO INC

Buying a car? Remember, it is more than just spending money. We, at Alexander The Great Inc. Auto Sales understand that quite well. Be it the look you desire or be it the efficiency you need! We provide you with the best of advice, the best of services and best of options in our inventory for quality pre-owned vehicles.

At Alexander The Great Inc. Auto Sales we deal in all Ranges of cars. Our professional and amicable staff is here to help you find the best suited car for you and your family. Instant Financing Approval, Buying or trading, Alexander The Great Inc. Auto Sales is the destination for your next car because we know exactly what you wish for!

## Contact Us

*Address*
***2695 Durante Way,***
***Milton, ON, L9T 5J1***

***Sales: 833-216-1270***

*Hours of Operation*

| | |
|---|---|
| *Monday* | *9:00 AM to 6:00 PM* |
| *Tuesday* | *9:00 AM to 6:00 PM* |
| *Wednesday* | *9:00 AM to 6:00 PM* |
| *Thursday* | *9:00 AM to 6:00 PM* |
| *Friday* | *9:00 AM to 5:00 PM* |
| *Saturday* | *9:00 AM to 5:00 PM* |
| *Sunday* | *Closed* |











**ВИ ПОСАКУВАМЕ**
**СРЕЌНИ**
**НОВОГОДИШНО-БОЖИКНИ**
**ПРАЗНИЦИ!**

**НЕКА НОВАТА 2025 ГОДИНА**
**ВИ ДОНЕСЕ СРЕЌА,**
**ЗДРАВЈЕ И БЛАГОСОСТОЈБА!**











### *ХРИСТОС СЕ РОДИ!*
### *НАВИСТИНА СЕ РОДИ!*

**Возљубени браќа и сестри во Христа**

Во овие празнични денови искрено ви посакувам во мир, љубов, радост, меѓусебно разбирање и добро здравје да ги прославите Божикните празници и тој дух на радост да ве следи преку целата година што ни доаѓа. Ве повикувам преку овие вечни доблести да напредуваме сложно како македонска заедница.

Да се трудиме телесно и духовно да се очистиме и да направиме јасли во нашите срца, за во нив да се всели воплотениот Богомладенец! На тој начин Тој ќе влезе и во нашите семејства и ке ги освети и стопли со своите благодатни енергии. Да си ги чуваме своите семејства како голема светиња! И нашата Црква е едно големо семејство собрано околу Христос и во Христос. Да се обединиме под закрилата на црквата, бидејки заедно сме посилни. Да ја чуваме, помагаме и сакаме нашата Македонска Православна Црква, да ја посетуваме почесто на богослужбите и да учествуваме во нејзиниот живот и активности. Особено е важно да се учествува во Светите Тајни на Црквата, во Светата Причест и сето она што води кон неа. Да не дозволиме нашите деца и внуци да останат некрстени и невенчани во Црква. Најважните моменти од нашиот живот да го имаат печатот Христов. Затоа, да ги носиме нашите деца во Црква! Зашто во неа единствено е спасението. Личниот пример на родителите е најдобрата поука за децата. Поблиску до Бога – поблиску и еден до друг!

За Божик, да се придружиме на ангелскиот хор, пеејки: „Слава Му на Бога во височините, а на земјата мир и меѓу луѓето добра волја!".

***Господ да Ве благослови Вас и Вашите семејства!***
***Парохиски свештеник отец Емил Атанасов***




## *MAC (MACEDONIAN AND CANADIAN) JANITORIAL SERVICES - MARJANCO GLAVINCEVSKI*




On November 16 and 17, 2024, Marjanco Glavincevski, owner of MAC Janitorial Services, once again volunteered his time and effort to wax and polish the floor of the "Alexander the Great" hall at St. Nicholas Centre in Windsor. This marked the 8th time he has performed this generous service for the church. Just like all the previous occasions, Marjanco offered to do this as a gift to the church, a truly thoughtful and wonderful gesture. After 19 hours of hard work, with his helper, the hall floor was not only impeccably clean, but it also was shining like a mirror. Marjanco considers this his Christmas gift to the church, and we are deeply thankful and appreciative of his continued kindness and generosity.

Marjanco Glavincevski started his business, MAC Janitorial Services, in 2000 in Windsor. Prior to moving to Windsor, he lived in Ottawa. In Windsor, Marjanco built a strong client base, serving large companies like McDonald's, Burger King, Nikkie's, Wendy's, as well as all the stores at the outlet mall, along with many others. His services are residential, commercial, window cleaning, post construction cleaning and upholstery cleaning.

For the past four years, Marjanco's business has been located in Toronto. Despite this relocation, he continues his tradition of volunteer work. In Toronto, he has volunteered his services at St. Ilija Church in Mississauga. Marjanco's wish is to extend his volunteer efforts to all the Macedonian churches across Canada, offering his services at least once to each of them. What a truly wonderful and generous gesture!




His talents are not only in janitorial services, he also DJs for all special occasions such as weddings, bridal showers, birthdays, retirements etc. He already has shown his talent at Ilinden Picnic at Windsor where he DJed for the event.

Marjanco together with his family Wishes Everyone a Very ***HAPPY HOLIDAYS AND ALL THE BEST IN THE NEW YEAR!***



# НОВИ ИКОНИ И НАТПИСИ ВО ЦРКВАТА СВ. НИКОЛА ВО ВИНДЗОР



По благослов на нашиот митрополит Методиј, минатиот месец беа завршени нови икони и натписи на фасадата на Македонската православна црква Свети Никола во Виндзор, Онтарио, Канада. Проектот беше инициран од поранешнот претседател на црковната општина, Мендо Колевски, одобрен од поранешнот управен одбор со претседателот Менде Талески и конечно реалозиран со непоколеблива подршка на парохјаните, нашиот свештеник отец Емил Атанасов, управниот одбор и претседателката Вера Најдовска. Проектот се состои од голема икона на Свети Никола (460x305см) поставена над главниот црковен влез на источната страна од објектот; кружна икона на Господ Исус Христос (диаметар 155 см) поставена над олтарната апсида, како и натпис над главната надворешната врата (305x155см) и над внатрешната црковна врата (280 x 61 см). Исто така на апсидниот ѕид и во западниот дел од тревната површина поставени се крстови кои се рачно моделирани и одлиени во алуминиум.

Крстовите, како и позадините на иконите, ореолите и натписите се позлатени со 24 каратни златни листови. Крстовите пред околу триесетина години ги донираа покојниот Стојче Јовановски (долгогодишен претседател и голем ацрктивист во оваа црква) и уметникот Глигор Стефанов.

Иконите и натписите со одлука на управниот одбор се посветени на сите поранешни, сегашни и идни членови и парохјани на црковната општина Св. Никола. Во последната фаза од реализирањето на проектот, инсталирање на иконите и натписите, се вклучи тим од помагатели составен од: Миле Петрески, отец Емил Атанасов, Јован Стефанов, Вера Најдовска, Зоран Стојковски, Борис Наумовски, Атанас Андоновски и Зоран Андоновски. Маре и Глигор Стефанови од Стефанов студиото за икони на секој од нив му изразуваат неизмерна благодарност како и благодарност на сите предходно инволвирани во ова Богоугодно дело.

Свети оче Николае моли го Бога за нас!
Господи Исусе Христе, Сине Божји,
По молитвите на Светиот отец наш Николај
Мирликиски помилуј не и благослови не!





















## CHRIST IS BORN! INDEED HE IS BORN!
## ХРИСТОС СЕ РОДИ, НАВИСТИНА СЕ РОДИ!



ЧЕСТИТ БОЖИЌ И СРЕЌНА НОВА ГОДИНА

MERRY CHRISTMAS AND HAPPY NEW YEAR

FROM GLIGOR STEFANOV AND FAMILY

facebook.com/StefanovIconStudio

# FUNDRAISER

## FOR THE MONASTERY ST. MARINA,

## IN THE VILLAGE TUMINEC, MALA PRESPA

## February 8th, 2025



Sonja&Oliver Band,
Chris Dimovski, Dusko Petkovski
&DJ Ane

$60/Adults $50/Students $35/Kids

ST. NEDELA CHURCH 485 BAYLY ST W, AJAX, ON L1S 6M7

## For reservations Contact:

## Naste: (647) 854-3670 or Maja (416) 347-7689

# СВ.АРХАНГЕЛ-МИХАИЛ,МЕЃУ ПРЕСПАНЦИ ВО КАНАДА





**Пишува учителката Крисанта Јанкула**
(Фото Крисанта и Васил Јанкула)

Во центарот на село Пустец во областа на Преспа под Албанија е изградена цркавата Св.Архангел-Михаил.Оваа црква е изградена после 1990- те години, над темелите на старата црква ,која системот на Енвер Хоџа ја разруши .Во чест на овој Светец,селаните од Пустец го слават Св.Архангел-Михаил како селска слава.Кога дојдоа во Канада ,Пувченските деца заедно со своите семејства,со себе ја зедоа и својата селска слава.И сите Преспани во Канада го слават Св.Архангел-Михаил.За прв пат оваа година бев присутна на овој





банкет кој се одржа на 23 ноември во градот Мисисага.Бев водушевена. Голема веселба.Не како да бев во Канада ,туку како да бев во Македонија.Но, не можеше да биде толку весело ако,освен Преспани од Канада и Америка ,тука не беа присутни и многу другари и пријатели Македонци од сите страни на етничка Македонија. Далеку од татковнината сите сме Македонци , сите сме браќа и сестри од иста крв и вера.На тој веселен банкет беше цела етничка Македонија. Преспанци,Егејци,Вардарци,Пиринци сите сме седнати на иста маса,пееме македонски песни,играме македонски ора говориме на македонски мајчин јазик .Па си велиш:"-Па ние не сме малку,како што ни велат! Ние сме многу! Еве,не има на секаде низ цел овој убав свет!Ние сме Македонци! Многу голема чест за нас Преспанци беше присуството на овој наш веселен банкет и на свештениците од црквите Св.Климент Охридски отец Сашо Целески , од Св.Илија отец Благоја Пенев,преставници на црковните одбори на Св.Недела и Св.Димитрија Солунски. Не можеше да не биде присутна и Г-ѓа Соња Лозановска,главен и одговорен уредник на весникот Македонија од Торонто,со својот сопруг, која придонесува за евидентирање на работата и проблемите на Друштво "Мала Преспа „во Канада. На овој преубав ,превеселен банкет имаше присутни од најстари до најмали. Беа три генерации.Дедовци и баби,нивните синови и ќерки со своите деца.Старите како да им ја даваат штафетата... на младите и како да им оставаат аманет :"-Чувајте ја деца нашата традиција,сакајте ја нашата македонска православна црква ,сакајте го и негувајте го нашиот убав мајчин македонски јазик и него ширете го со песна и оро! Сакајте ја мајка Македонија ,нашата татковнина!На иселениците од Македонија во Канада и ширум светот,татко и мајка им е "Македонската православна црква,која врши голема патриотска улога за чување на нашиот идентитет и вера.Радосни присутни!Уживање во македонската песна и оро,кое многу го збогати и присуството на играорните групи на фолклорниот ансамбл ,,Илинден,,од црквата Св,Илија од Мисисага.На орото,песната и веселбата му нема крај.Сите играат,пеат и си честитаат:"-Честита салавата ,на Св.Архангел-Михаил на сите Преспани и на Друштво "Мала Преспа„ од Канада„. До година,по радосни!














WORKPLACE SAFETY
RMG
rmgconsulting.ca
Owners Robert Gill and Sue Eastwood
RMG are official IHSA COR external auditors. Our team of safety professionals can conduct your COR External Audit. Additionally, we can manage your safety program and assist in preparing your company for internal and external audits.
COR
IHSA.ca
Work Safe for Life
STOP
RMG TRAINING CENTRE
We are a premier boutique provider of occupational health and safety services.
We are approved by the Ministry of Labour, Immigration, Training and Skills Development to deliver Working at Heights and Working at Heights Refresher Training as well as Joint Health and Safety Committee Certification (JHSC-Part 1/Part 2/Refresher). We provide site safety inspections, consulting, administrative and management support. We offer all kinds of OHS training at our exclusive 4500 square foot training center located in Vaughan.
For more information
CALL OUR TEAM
905 761 9030
www.rmgconsulting.ca | sue@rmgconsulting.ca

# Macedonian Cooking with Sue Eastwood






## Domashni makedonski kolbasi



In December, my Canadian husband, affectionately known as Robche, and I embarked on the rewarding but challenging task of making our own Macedonian traditional sausages. With no local deli offering them, we decided to try our hand at this culinary project, inspired by my parents who used to make their own sausages years ago.

In 2023 I reached out to our international Macedonian group, Macedonian Cooking and Culture, for tips and recipes. After gathering advice, we developed a plan and tested a small batch in April, making about 3 kg. My parents, seasoned experts in traditional Macedonian cuisine, provided feedback. They enjoyed the flavor but noted that the texture needed to be chunkier, and they suggested adding more spice and mint.

So, we bought a 6 kg pork shoulder from the butcher and ground it ourselves, incorporating more hot chili flakes and our homegrown, dried mint. Domashni makedonski kolbasi are known for their rich blend of spices, including paprika, garlic, and black pepper, and are typically stuffed into natural casings before being cured or smoked.

After half a day of hard work, we felt a sense of accomplishment. The sausages are now curing in our cellar for 48 hours before we freeze them and share some with my parents again. I'm hopeful that this batch will meet the authentic mark we're striving for.





Enjoy!

Here's the recipe we modified, thanks to Ted Voinou from our group, who initially shared his method with us:

Ted's Original Recipe:
• 6 kg lean ground pork
• 1 kg leeks (about 5 stalks)
• 25 g paprika
• 25 g black pepper
• 25 g Bukovska pepper or pepper flakes • 25 g garlic powder • 20 g salt

Our Modifications:
• Added 10 g dried mint
• Used hot chili flakes instead of Bukovska pepper • Reduced salt to 15 g • Increased leeks to 6 stalks • Ground our own pork for a chunkier texture

## Macedonian Badnik

Christmas Eve in Macedonia. It is a holy night that is usually spent at home with the family.

Badnik (Christmas Eve)

Traditionally, Badnik dinner is a a vegetarian meal, posno. Those observing often will serve Tavche Gravche (no meat), sarma (no meat) , Macedonian crepes (pitulici) and various roasted vegetables. Fruit, nuts and baked goods are also served. Most of all it is a spiritual day of love towards one another and optimism for the new year ahead. Oak leaves and branches are used as decoration, it is said that Joseph used oak branches to light the fire overnight into Christmas Day, ready for the birth of Christ.

There are so many wonderful traditions on this night but what I really want to wish for all is love, peace, joy and health to find each of you. Be kind to one another. Do not be judgemental or envious of one another and treat each other the way you would want to be treated. No one is perfect. We know that because we know ourselves. There is good in everyone, it is our nature. Being kind brings kindness and holding ill thoughts towards others only hurts you. Peace, love and light to you all xoxo



## PITULICI

3 cups flour
2 tbsp oil
1 tsp baking powder
1/2 tsp salt
4.5 cups sparking mineral water at room temp.
It should be runny.
I spray cooking spray every few pitulici so they do not stick to the pan.
Flip them when the edges curl in and have a peek under to see if it is starting to turn brown. Cook both sides.
Remove and brush each surface with the garlic sauce.

Garlic sauce : in your mortar and pestle, mash 4 or 5 garlic cloves with 1 tsp salt.
Add 2 tbsp oil and mash to a white paste. Add 2 cups warm water.












# Превоз на стоки за и од Америка и Канада со брод и авион



Македонија, Србија, Црна Гора, Хрватска, Босна и Херцеговина и Европа.

**ПРЕВОЗ НА СЕ' - ОД ПИСМО ДО КОНТЕЈНЕР**

**Пакети со подароци, пренесување на покуќнина, комерцијална стока, машини, автомобили, бродови, мотори, хуманитарни пратки и друго.**

**Пратките можеме да ги подигнеме од вашата адреса и да ги спакуваме за транспорт.**

**За компании и поединци ги обезедуваме:** потребната логистика при истражувањето на пазарот за увоз и извоз на стоки и услуги, работиме консалтинг, вршиме маркетингшки промоции и сл..На ваше барање извршуваме комплетна царинска процедура и испорака на пратки на посакауваната адреса.

**MTT -GROUP 309 Armstrong Ave. Georgetown, On L7G 4X6**

email: canadatransport1@yahoo.ca Call Centre: 416-251-4544 Cell: 416-939-0513; 226-606-2892; 647-909-0970






# ПАТРИОТСКИОТ ВОЗНЕС НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО ДИЈАСПОРАТА (16)

По изјавата за формирање на Македонскиот Светски Конгрес од страна на познатиот македонски бизнисмен од Торонто господинот Џон Битов, Македонскиот Национален Комитет ја повлече идејата за формирање на свој светски Конгрес, што би значело трет по ред. "Нема логика да се дуплираме и да правиме раздор во нашата заедница, кога ние сите имаме иста цел, исти амбиции, стремеж за единство и заеднички да делуваме за македонската кауза. Ние сме познати во македонското патешествие со дејност на расколништво, овој пат треба да го избегнеме предизвикот на раздор и здружени и обединети да ја исполниме заедничката национална доблест и родољубие кон нашата татковина Македонија ", ќе рече претседателот на МНК Горнан Јовановски. По неколку консултации , состаноци и средби со Џон Битов, се постигна договор да има само еден светски Конгрес на американскиот континент а МНК да учествува во неговите подготовки. Но сепак се водеше искрен и отворен дијалог ,со Конгресот на Џон Битов, се внимаваше да не се нарушат односите на двете страни кои и така беа кревки, туку да се создаде хармонија за заедничка соработка во интерес што ќе не вовлече во истиот агол што ќе ги прави нештата подобри и по успешни. За непрекинатата комуникација со Конгресот од МНК беа задолжени Александар Костов и Симе Пандовски кој беше и секретар на МНК. По многубројните состаноци и други средби се одлучи Светскиот Конгрес на Џон Битов да биде единствената потпора на македонците на Американскиот континент па и пошироко, а за Македонскиот Национален Комитет,по секоја цел можеби и тоа значеше навестување дека делувањето на Македонското национално движење во Канада доаѓа до крај. Иако за некои членови тоа беше тешко уверливо оти борбата за Македонија ќе трае се до нејзиното целосно ослободување и обединување во своите етнички границиТоа сепак ќе се случи по осамостојувањето на Република Македонија како суверена и независна држава во 1991 година. Со тоа се мислеше дека целите и идеалите за што се залагаше движењето за тие полни 25 години целосно се остварени, или барем така може да се помисли. Тука доаѓа до различни размислувања помеѓу членовите на МНК ,некои ја прифатија ова замисла а другите, посебно оние појаките афтономисти веднаш ја отфрлија.Последниот состанок на Македонскиот Национален Комитет се одржа на 28 август 1991 година во ресторанот Куинздел,Торонто чии сопственик беше Тодор Атанасов, долгогодишен член и подржувач на движењето. Тодор, еден од најлојалните членови и голем финансиски подржувач беше прв кој ја одби идејата за друштвото да го прекине неговото патриотско делување, тој рече: " Борбата за Македонија завршува тогаш кога таа ќе биде целосно ослободена. Јас се заколнав да бидам достоен на идеалите на нашето движење до конечниот ден кога Македонија ќе биде обединета таа е нашата крајна цел, тој е нашиот животен идеал, јас тоа не го гледам во една таква формација на држава". Некои членови сметаа дека Комитетот се залагал за отцепувањето на Македонија од Југославија и тоа треба да се гледа како успех.

Визионерот и големиот борец за Македонија , Јане Сандански еднаш рече: "Јас не очекувам брзо ослободување на Македонија. Тоа може дури и да не дојде додека сум жив, но јас сакам да го зачувам народот и да го организирам и ако тоа стане, тој сам ќе си ја извојува својата слобода".

Од таа девиза се водеше и МНК оти македонските национални интереси секогаш се свети и повисоко од се она што е човечко и создадено за издигнување на една слободна нација и на еден народ. Македонскиот слободољубив народ не ја сонувал слободата така, тој со векови се борел за неа, оти таа не доаѓа така лесно, туку со мудра организираност на народот и со синхронизирано дејствување , пред се до сонуваната точка се стигнува единствено преку сенародна борба,а борбите ,се знае секогаш завршуваат крваво.Затоа челниците на Македонското национално движење ќе речат:" Ние можеби сме истородни со нашите великани што го поведоа македонскиот народ во масовна борба за слобода, можеби имаме исти идеи, поим за нешто свето, можеби и тие не успеаа во тој поход, ама барем на народот му подарија една надеж, верба дека некогаш и невозможното може да биде возможно, но за тоа се има свои моменти. Некој мисли дека ние не сме толку можни за такви обемни работи, но нашиот Комитет прави крупни чекори и МНК е само една мала искра што никој нема да поверува дека еден ден може да го пламне ослободарскиот оган, а ние не ќе го чекаме тој момент, без да мислевме на некакво херојство. Ние знаеме кои се македонските хери, наша должност е да ги продолжиме нивните патеки, дури да трасираме и нови, а чекорењето по нивните величествени патеки е светост и чест на еден народ кој го вложува својот живот за татковината на која и служи. Тука смртта за својата земја преставува волшебно херојство. Но сепак ние како мало друштво со големи

визии и амбиции се внесовме по тој револуционерен лавиринт и макар што ќе не демнат можеби трагични моменти, ама ако, и Македонија имала многу такви трагични моменти, и безизлезна ситуации а и нашите нема да бидат поразлични. Во такви моменти се гледа херојството и филантропијата на човекот кој мисли за својата слобода.Ние во Комитетот сме изложени на секакви напади, обвинувања, малтретирања, заканувања, омаловажувања, уценувања и што не друго се заради што имаме поинакво мислење од другите. И покрај сето тоа ние нема да се откажеме од светото дело македонско за кое се заколнавме. Ние имаме свои убедувања дека човекот има само една вистинска смисла на своето живеење, а го гледа успехот на своето делување на она во што верува цврсто, дека само со непрекинлива акција и полет може да се дојде до посакуваната цел. А штом ќе се стигне до таа крајна точка , значи таа ги оправдува сите патриотски заложби што ги правеле поборниците од Македонскиот Национален Комитет од Торонто .Идејата на Македонскиот Национален Комитет од Торонто во моменти се чинеше како некаква фантазија, илузија и никогаш неостварлива. Но за некои членови тоа целосно се оствари на 8 септември 1991 година, со прогласување на својата независност. За поголем дел од членовите тој не бил нивниот патриотски вознес, самосталност само на еден дел од поделената Македонија не ги исполнува сите очекувања, зашто националното движење уште на почетокот ги зацрта своите ставови и принципи "слободна обединета и независна Македонија" и ништо поинаку,слична на нашите претходници кои се залагале за "Автономна Македонија".Истата замисла била и на Владислав Ковачев, познат и како Славчо Ковачев, штипскиот војвода и публицист, бил уредник на весникот "Афтономна Македонија" во која остро ги разобличува непријателите на ослободителното дело на македонскиот народ кои претендирале лажен патриотизам.Како револуционер бил голем противник против врховизмот поттикнуван од генерал Цончев кои биле само штетни елементи за идејата за слободна Македонија. Неговата животна замисла била Македонија да влезе во една балканска федерација како рамноправна единица, затоа ќе рече: "Пет минути од денонокието и посветувам на маченишта Македонија , за да се соочам со мојата македонска свест и да се уверам дека не е ништо она што досега сум го сторил за неа. Ја сакам Македонија повеќе од се друго на светот". Со својата пожртвуваност тој сторил многу за Македонија ,а тоа не им одело во прилог на врховистите, заради тоа тој е убиен на 13 септември 1924 година од платениците на Ванчо Михајлов. Македонскиот Национален Комитет скоро секоја година на 25 март одржуваше протест пред грчкиот конзулат во Торонто. На тој ден грчката заедница го прославува денот од ослободувањето на Грција од Отоманската Империја. Оакмовците го одбраа тој ден како соодветен за да ја запознаат јавноста со третманот и геноцидот што Грција го прави врз македонците во егејскиот дел на Македонија. Понекогаш протестите се одржувале пред парламентарните згради на Онтарио или пред градската општина на Торонто, и тоа во истовреме кога била церемонијалната прослава на грчката заедница, а тоа допринесуваше да има конфронтации и судрувања на двете етнички заедници.

По обичај канадските медиуми се безчувствителни кон македонските работи, тоа се ретки случувања кога во електронските списанија ќе забележете некој ред за Македонија и тоа во извртена верзија. Од таквите безчувствителни и безмилосни потези, многу човечки трагедии и основни права на одредени народности остануваат сосема незабележани во еден бездушен свет, каде се величат само едни исти етникуми, а другите се игнорираат или се преставуваат со погрешни заклучоци.Во овој случај неизбежно беше да се прескокне македонската заедница, во весниците се појаснуваше разликата помеѓу македонците и грците, а тоа беше прифатено како успех. Сепак од протестите се добиваше голем публицитет за македонската етничка припадност, иако грчката заедница преку нивните државници се јавуваат со остри реакции или демант, демек, ете протестираа еден непостоечки народ ( југословени, скопјани или славјани).

Македонскиот Национален Комитет последниот протест пред грчкиот конзулат во Торонто го одржа на 24 март 1991 година на кој присуствуваа неколку илјади македонци од повеќе блжни градови на Онтарио.



И како на секој протест така и на овој, до грчката влада како и на други влади беше доставена декларација со барање на повисоки права на македонците кои живеат во Грција: изучување на македонскиот јазик, да имаат право да формираат свои друштва, да градат свои цркви и др. МНК доставуваше декларација со иста таква содржина и до бугарската влада.Македонското Национално Движење одржа претпоследен состанок на 4 мај 1991 година во ресторанот Куинздел сопственост на Тодор Атанасовски член на комитетот и најголем подржувач. Состанокот беше посветен на 88 годишнината од смртта на Апостолот Гоце Делчев, организаторот и претводникот на Македонското Национално Ослободително Движење , најголемиот син на Македонија, сонцето на Македонија. На состанокот беа изнесени заклучоци од досегашните делувања на комитетот и придонесот во борбата кон македонската кауза. Присутните на состанокот покажаа скептичен однос кон повеќе партискиот систем кој што туку се појави во Македонија. Дали таквата појава во Република Македонија ќе може да им ги смири духовните патриотски чувства и оние бунтовнички и несопирливи чекорења кои ќе останат вечно всадени во нивните мисли, сигурно дека не. И сепак Македонија сега стана суверена и независна држава и сама ќе треба да се бори за својата иднина. Така ја осмислуваше Македонија и Ѓорче Петров:

"Ние, пред се, ја сметаме идејата за самостојна Македонија како директна цел на нејзиното население и како невозможен модус за применување на принципот на самоопределувањето на народите со другите услови и сообразувања околу решавањето на Македонското прашање".

Продолжува

ГОРНАН ЈОВАНОВСКИ



АВТОР: НИКОЛА ПЕТКОВСКИ



- МАКЕДОНСКИОТ ДЕДО МРАЗ
- НОЌЕН ЛОКАЛ СО ЗАБАВНА ПРОГРАМА
- Н
- АРТИСТОТ СТОЈАНОВСКИ / ЛОТО ЛИВЧЕ
- ИМОТ, ПОСЕД
- ЗАСЕКОГАШ, ЗА ВЕЧНИ ВРЕМИЊА
- ФИЛМ НА СТИВЕН СПИЛБЕРГ
- НАШ АРТИСТ САШКО
- НАРОДНИ ТАНЦИ
- ЛИТИУМ
- АМПЕР
- ЧОВЕК КОЈ ВРШИ КАЛАПЕЊЕ
- К
- НАРОДНА ХЕРОИНА, ЗАГИНАЛА НА 16.12.1942
- ИЗУЧУВАЧ НА АМЕРИКАНСКАТА КУЛТУРА
- С
- СЛИКАРКАТА ТЕМКОВА / ВИД РИБАРСКА МРЕЖА
- ДВИГАТЕЛИ, ПОТТИКНУВАЧИ
- СКАПОЦЕН КАМЕН / МАШКО ИМЕ
- ДЕЛ ОД ЗИМСКА ОБЛЕКА
- КАНТ-АВТОРОТ ДИМИТРОВ / СИМЕНС
- ТРАДИЦИОНАЛНА НОВОГОДИШНА ЧЕСТИТКА
- С
- КОЦКАТА Е ФРЛЕНА (ЛАТ.)
- ДОАЃАЊЕ / ВИД ПЕС, РЕТРИВЕР
- ЕЛЕКТРОН / КИСЛОРОД
- ЧОВЕК КОЈ СТОПИРА / ОПИТЕН, РУТИНИРАН
- РАТКО НАГАЛЕНО
- ТЕЧЕЊЕ НА ВОДА (МН.)
- КУЈНСКИ ТОЛЧНИЦИ / АРГЕНТИН. ФУДБАЛЕР ПАБЛО



- Џ
- РЕКА ВО ФРАНЦИЈА
- КАНЦЕР / СЛИКАРОТ МУРТИК
- КРВНИК / ВИД ПОКРИВКА
- РАКОМЕТАРОТ И СЕЛЕКТОР ЛАЗАРОВ
- ГАЛИУМ / ГРАД НА ФИЛИПИНИТЕ
- ЈУЖНО ОВОШЈЕ, КАЛИНКА
- ИМЕ НА ЃАВОЛ ШТО НЕ СМЕЕ ДА СЕ ИЗГОВОРИ
- Б
- СТАРЕШИНА (ТУР.)
- ЕКС АЛЖИРСКИ ПОЛИТИЧАР ХУАРИ / САРАЕВО
- МУЗИЧКИ ИНСТРУМЕНТ (МН.) / ГРАД ВО АЛЖИР
- АРТИСТКАТА ГЕШОСКА
- ХЕРЦЕГОВЕЦ
- УМЕТНОСТ (ЛАТ.) / КОНАК, МЕАНА
- МАЧЕШКИ ПОРОД
- ВИД ЕНИГМАТСКИ СОСТАВ
- СТРАНСКО МАШКО ИМЕ
- М
- АРГЕНТИН. ФУДБАЛЕР ЛИОНЕЛ / НИКОЛА ТЕСЛА
- ЕЗЕРО ВО СЕВЕРНА АМЕРИКА
- НЕУТРОН / ДЕЛ ОД ЗГРАДА, ЕТАЖ
- РАДИУМ / ИТАЛИЈАНСКИ АРТИСТ ФРАНКО
- ГОЦЕ ТОДОРОВСКИ / ТАТКО НА СОПРУГОТ
- ЧОВЕК УДРЕН ОД ГРОМ
- ГРАД ВО ФРАНЦИЈА / ЛАНТАН
- НАШ ФОЛК ПЕЈАЧ, ГОСТИН ВО КАНАДА
- АЛБЕРТ АЈНШТАЈН
- ИЗВОНРЕДЕН / ЛУДОЛФОВ БРОЈ (3,14)
- УКРАСНА ИЗВЕЗЕНА ШАРА / КУЈНСКИ САД
- ДИВО ЖИВОТНО (МН.)
- ВЕШТ, ДОСЕТЛИВ, ЛУКАВ
- СПРОТИВНО ОД ДЕСНО / СКРЖАВЕЦ



- К
- ПУБЛИЦИСТОТ КЕРШОВАНИ
- ИТАЛ. ПОЛИТИЧАР ФРАНЧЕСКО / ДАДО ТОПИЌ
- ЧЕКОР / ДВИЖЕЧКА СИЛА
- ДРЖАВА ВО АФРИКА
- ПОЗИТИВНА ЕЛЕКТРОДА / ЕВРЕЈСКИ БОГ
- ИСТОК / НАШ РЕВОЛУЦИОНЕР МЕТОДИ
- ЛОНД / ТРЧАЊЕ
- АВСТРИЈА / СТАРА НОВА ГОДИНА
- К
- А
- НАШ НЕОДАМНА УПОКОЕН ВЛАДИНА
- ДРАГАН СПАСОВ (ПРЕКАР) / СИЛА
- Њ В / МАШКО ИМЕ
- НАЕМЕН ПОЛЕДЕЛСКИ РАБОТНИК
- М
- ЛИЧНА ЗАМЕНКА / ДЕЛ ОД НАСЛЕДСТВО, МИРАЗ
- ПРАЗНИК НА ХРИСТОВОТО РАЃАЊЕ
- ВИД ЗЕМЈОДЕЛСКО ОРУДИЕ (МН.)
- ГЛАС, ВЕСТ
- ЛУКСЕМБУРГ
- КАВАДАРЦИ
- Н
- БРОЈ БЕЗ ВРЕДНОСТ
- СЕВЕРНО АТЛАНТСКИ ПАКТ / ДОМАШНО ЖИВОТНО
- НОРВЕШКА / ЧАРЛС ОЗБОРН
- БЕЛГИЈА
- НИ НАЈМАЛКУ / ПОВРЕДИ ОД ОРУЖЈЕ
- МАЛА МАРАМА / ВЕШТА ИЗМАМА
- ОТОРИНО РЕСПИГИ
- ВИД УДАР ПО ТОПКА / ПОЛСКИ АВИОТРАНСПОРТ
- ПЛАНИНА ВО АЗИЈА / ГРАДИНАРСКО РАСТЕНИЕ
- НАШ ПИСАТЕЛ ЈОРДАН
- ЧОВЕК КОЈ СЕ ЖАЛИ / НОСОРОГ
- ТРОШОК / СИЛИЦИУМ
- Р
- ИВАН КАРАДАК / ТЕМПО



- СТАРОТО ИМЕ ЗА КИНА
- ПЛАНИНА БЛИЗУ СКОПЈЕ

РЕШЕНИЕ: СВЕТИ НИКОЛА, АНА, АНИМАТОРИ, АЛЕМ, РАКАВИЦА, СЛАВЕ, ИДЕЊЕ, Е, СТОЛЕР, РАЛЕ, ТЕКОВИ, АВАНИ, ЦЕЛАТ, САВ, РАК, ЌЕБЕ, КИРЕ, ГА, НАР, БУМЕДИЕН, АЈАН, СА, ОБОИ, НАДА, ЕРО, АРС, ОКОТ, Н, РА, ГТ, ВТРЕШТЕНИК, НАНСИ, АА, МАЕСТРАЛЕН, ВЕЗ, ГЕПАРДИ, ИТАР, ЛЕВО, КОСИЦА, ОТОКАР, ДТ, ОД, АНОДА, И, П, А, КАМЕРУН, АНТОВ, ДАЦ, НВ, АРГАТ, МОК, ТАА, КОСИ, НАТО, Н, Б, НИМАЛКУ, МАРАМЧЕ, ОР, ЛОВ, АЛТАЈ, ЛЕОВ, ЖАЛИТЕЛ, АРЧ, РИНОЦЕРУС, КИТАЈ, КИТКА

# ДАМЕ ГРУЕВ - ЗНАЧАЈНА ЛИЧНОСТ ВО МАКЕДОНСКАТА ИСТОРИЈАТА

## ( По повод 118 годишнината од неговата смрт- 23 декември, 1906 година, Петлец )



ПОЕЗИЈА СО ПОВОД
Пишува и уредува БЛАГА ДАФОВСКА наставничка по македонски јазик International Languages Pgogram Middlefield Coleuget Institution MARKHAM. ONT.

Храбрите и добри херои од историското минато на македонскиот народ нема никогаш да бидат заборавени бидејќи нивните траги што ги оставија по долгите борбени патеки ќе останат како најголеми сведоштва на таа далечна и славна епоха. Една од тие значајни личности е Даме Груев кој со неговата револуционерна и образовна дејност го исполнува поголемиот дел од македонското револуционерно движење. Тој е еден од основачите на ВМРО кој и припаѓа на генерацијата на Гоце Делчев, Ѓорче Петров, Васил Главинов и др. од периодот на 19 и почетокот на 20 век.

Во чест и слава на неговите херојски подвизи преку литературниов прилог, неговиот живот и дело ќе ги проследиме со стихови од македонското народно творештво и од познати поети кои многу посилно со поетскиот збор ќе го осветлат неговото херојско дело, зашто неговиот глас уште се слуша од Демирхисарските планини кога храбро се бореше и го подготвуваше народот да се бори против тиранијата, затоа народот песна му пее:

**„Ми извика Даме Груев**
**од Бигла златна планина**
**да се чуе од Пирина до Охрида,од Солуна се до Скопје:**
**- Удрете браќа родени, тиранска власт да скршиме,слобода да добиеме за мајка Македонија“**

ДАМЕ ГРУЕВ, кој е опеан во многу песни роден е на 19 јануари, 1871 г. во легендарно село Смилево, во Демирхисарскиот крај. Од таму започнаа првите подготовки за востанието во Битолско-револуционерниот округ, каде се наоѓаше и главниот штаб на Илинденското востание. Покрај тоа што ќе се издигне како челичен војвода, подоцна ќе стане основач на ВМРО. Тој беше учител и раководител со добри организаторски вештини и со љубов кон татковината. Токму затоа во поетскиот прилог ќе цитираме стихови од песната „РОДЕН РЕВОЛУЦИОНЕР“ од поетот ПЕРО ДАМЧЕВСКИ КОЦИН од Сидней, Австралија:

**„Се родил во срцето на Родината Го љубел народот свој и Татковината ...**
**Во него греел само сјајот и љубов за родот до бескрајот.“**

Даме Груев потекнува од зидарско и печалбарско семејство. Се школувал во Смилево, потоа во Битола, Солун, Белград и Софија. Во Солунската гимназија тој е главен бунтовник меѓу учениците кои бараат воведување на македонскиот јазик во наставата. Се спротиставувал на асимилаторската големобугарска пропаганда. Поради овие воншколски активности бил исклучен од гимназијата, а образованието го продолжил во Великата школа во Белград. Во 1889 г. студирал историја на Вишото училиште во Софија. Но, поради неговите напредни идеи бил затворан и исклучен од училиштето и се враќа во Битола каде бил предводник на револуционерната група. Покрај неговите слободарски желби и идеи тој имал љубов кон учителскиот позив, и во 1891/92 г. учителствувал во неговото село Смилево.

**„Од Смилево и Битола Белград, Солун и Софија учителствувал и студирал народ за борба организирал против Султан-Империја и бугарска Егзархија, преку македонска револуционерна организација“**

Како секретар на ТМРО во 1894 г. ги посетувал селата во кои формирал револуционерни комитети за одбрана на народот. Во 1894-1895 г. бил учител во Штип каде се сретнал со Гоце Делчев со кого соработувал. Двајцата славни војводи ги учеле и поттикнувале во бој младите генерации против непријателот. Тие станаа душа и срце на македонската револуција. Даме поради неговите револуционерни подвизи бил следен од турските власти. Во 1898 г. е интервениран во Битола каде работи како раководител и наставник во Битолската гимназија и ги запознава учениците со револуционерните настани. Неуморниот учител и раководител на Битолскиот револуционерен округ со четата одел низ селата и го штител народот од турските насилства. Но, во 1900 г. избувнала „Поп Ставревата афера“ во Битола поради која бил затворен и осуден на 50 години робија. Од затворот раководел со организацијата од битолскиот реон. Поради тоа испратен е на заточение во Подрум Кале, во Мала Азија. Во 1903 г. добил амнестија и се вратил во Солун. Пред почнувањето на Смилевскиот конгрес тој се поврзал со Битолскиот комитет и бил избран за претседател на Смилевскиот конгрес. На 1 јули 1903 г. од главниот штаб во с. Буф, Леринско бил назначен денот на востанието.

**„Силен, поискусен, поискален од робија војвода се враќа рамо до рамо во борба со родните браќа.Илинден се разгорува,Република прва на Балканот се раѓа,но брзо во темнина паѓа ...**
**„Роден револуционер“**

Илинденските востанички искри згаснаа, бидејќи Даме само што се вратил од заточение; бил погрешно информиран за состојбата во Македонија и подло измамен од агентите на врховизмот со пребрзаното решение за востание. Но, тој не го напушти настраданиот народ на Илинден кое се докажа на 28 август 1903, кога Смилево беше нападнато од османлиската војска; селото беше запалено и беше извршено масакрирање на 250 жени и деца на Бигла Планина.

**СМИЛЕВО СЛАВНО ОГИН ГОРИ**

**Топови грмат трести земјата,Смилево славно в огин гори! Жените плачат, пиштат децата,момите се кријат во горите.На срешта стои Даме Смилевски,верна дружина командува:**
**Удрете браќа не се бојете скоро ќе падне тиранинот !“**



По неуспехот на Илинденското востание Груев правеше обиди за зацврстување на револуционерните активности. Битно е што Илинденското востание ќе биде забележано како историски настан со кое е формирана првата република на Балканот. Како претседател на Рилскиот конгрес Даме играше значајна улога за уништување на врховизмот. Откако врховистите се спротивставија на организацијата тој разочаран се вратил во Солун. Но, на враќање во неравна борба на 23 декември 1906 г.опколен од Турците, херојски загина пролевајќи ја крвта за слобода на македонскиот народ на врвот Петлец, кај селото Русиново. Со родољубиви и тажни чувства, поетот РАДОВАН П. ЦВЕТКОВСКИ, со песната НА ПЕТЛЕЦ му оддава почит на војводата:„Дојдов пред твојата крв да стојам.Во чекорот твој исправен да бидам.И еве ветер декемвриски ме гори,снег на патот ме прогонува ...“

На 23 декември, 1906 г. смртта на Даме се огласила низ цела Македонија. Смилевчани и македонскиот народ жалеа за Даме- столбот на револуцијата кој ги удри темелите на Крушевската Република, прва на Балканот. Македонија изгуби достоен борец и учител кој одигра голема улога во поттикнувањето на македонското национално движење.

Во Македонија свечено ќе се одбележи 118 годишнина од неговата смрт со положување на венци пред неговата биста и со пригодни програми.

***Почитувани читатели на весникот „Македонија“ и воедно на рубликата „Поезија со повод“, (во склоп на рубликата) упатувам честитка до писателката и член при Литературното друштво „Браќа Миладиновци“ од Торонто, поетесата Вера Благојевиќ - Самарјанин за највисокото признание – Најплоден македонски автор за периодот од 1991 до 2024 година - што и се доделена манифестацијата „Велешко поетско лето“ одржана на 16 август, 2024 г. во Велес, од клубот на писатели „Коста Солев-Рацин.“ - Честито Вера ! Кон честитката се придружуваат и поетите при Литературното друштво „Браќа Миладиновци“ од Торонто со претседателот Зоран Карапанчев. Во името на рубликата „Поезија со повод“ со авторот Блага Дафовска, како и секретарка на Л.Д. „Браќа Миладиновци“ со членовите.***

***СРЕЌНА НОВА 2025 ГОДИНА!.***







**Такси Томче Битола**

*Доколку имате потреба од превоз од и до аеродромите во Скопје, Солун, Софија, Приштина и други градови јавете се кај Томче.*
*Такси превоз низ цела Македонија и надвор од неа. 25 годишно искуство како професионален такси возач.Тел: 070 743 330*

**MACEDONIAN RADIO PROGRAM**

https://www.youtube.com/user/OroMakedonskoChicago

**Oro Makedonsko**
https://www.facebook.com/oro.makedonsko

*Boshko Rajchovski - Pelisterski 810-335-5552*



# НИЗ ГОДИНИТЕ

**18 декември 1942** година бугарската полиција ги открива и апси членовите на покраинскиот комитет на КПЈ за Македонија народните херои Мирче Ацев и Страшо Пинџур (кои подоцна на ѕверски начин се убиени). Во истата акција заплената и печатницата на ПК КПЈ за Македонија „Гоце Делчев“.

**На 19 декември 1942 г**одина во манастирот „Св. Никола“ во с. Прилепец, прилепско, во борба против бугарската окупаторска војска и полиција, откако беа предадени, загинаа деветмина борци на партизанскиот одред „Ѓорче Петров“. Борбата на Прилепец, претставува легенда за херојството на македонските партизани во борбата за слобода.

**На 21 декември 1945** година грчката жандармерија го уапси секретарот на реонскиот комитет на КПГ, Таки Белчев и офицерот на ЕЛАС, Понто Влахов од селото Пилкати, Костурско. Идниот ден во селото Калевишта, костурско на ѕверски начин беа убиени.

**На 25 декември 1903-та** година во Софија излезе од печат книгата „За македонцките работи“ од македонскиот револуционер, публицист и јазичар Крсте Петков Мисирков. Во неа Мисирков ја истакнува и ја заштитува националната индивидуалност на македонскиот народ и неговото право на самостоен културен и национален развој. На едно место во книгата пишува: „Македонците, како посебен словенски народ, што низ вековите ја делел судбината заедно со соседните словенски и несловенски народи, си имаат сопствена национална историја и култура“.

**На 27 декември 1938** година во Скопје за првпат е изведена драмата „Парите се отепувачка“ од драмскиот писател Ристо Крле.

**На 28 декември 1944 година** во Скопје почна да работи Радио Скопје на куси бранови од 50 метри на македонски јазик. Првата емисија што ја емитуваше беше преносот од Второто (вонредно) заседание на АСНОМ.

**На 30 декември 1949** година во Скопје е формиран Балетскиот ансамбл при Македонскиот народен театар под раководство на Ѓорѓи Македонски и неговата соработничка Анелиза Асман.

**На 31 декември 1946 година** донесен е првиот Устав на Народна Република Македонија.

**На 1-ви јануари 45 п.н.е.**
Започнал да се применува новиот календар, денес познат како јулијански календар.

**На 2-ри јануари 1905** година над селото Кнежево, Кратовско, почна Конгресот на Скопскиот револуционерен округ на ТМОРО, што траеше до 7 јануари истата година.

**На 3-ти јануари 1945 г**одина во Скопје започнало да излегува првото детско списание на македонски јазик во Македонија, „Пионер“. Неговите први уредници биле писателот Славко Јаневски и професорот Јонче Јосифовски.

**На 6-ти јануари 1916 година** на Бадник, кај месноста Дервишка Нива, Бугарската војска извршила колеж врз 103 жители на Поречието. Масакрираните луѓе биле фрлени воископ.

**На 7-ми јануари 1584 г**одина католичките држави во рамките на светото Римско Царство го усвоија грегоријанскиот календар.

**На 10-ти јануари 1996 година** Република Македонија и Европската унија воспоставиле дипломатски односи.

**На 16 ти јануари 1996** година одржано е основачко собрание на партијата Македонска алијанса. Регистрирана е на 22.03.1996 година, а промовирана на 14.06.1996 година.
За претседател на партијата е избран Ѓорѓија Атанасовски.



**На 23 јануари 1946** година со решение на Министерството за народна просвета на Македонија првата македонска граматика е одобрена за учебник во средните училишта. Нејзин автор беше професорот Круме Кепески.

## СВЕТСКИ МАКЕДОНСКИ КОНГРЕС НАЈГОЛЕМА КОРУПЦИЈА ВО МАКЕДОНИЈА Е ПРОМЕНАТА НА ИМЕТО НА ДРЖАВАТА И ИДЕНТИТЕТОТ НА НАЦИЈАТА!

Светскиот Македонски Конгрес (СМК) на 9-ти Декември - Меѓународниот ден за борба против корупцијата ги потсети Претседателот, Собранието и Владата дека, најголема корупција е промената на името на државата Македонија и идентитетот на Македонскиот народ што претставува најтешко кривично дело велепредавство, геноцид врз Македонскиот народ и злосторство против човештвото што не застарува!

СМК бара претседателот на Републиката, премиерот или министерот за надворешни работи да достави нота до генералниот секретар на Обединетите Нации и до владата во Атина, за итно и безусловно еднострано раскинување на спогодбата Димитров-Коѕиас од 17 јуни 2018 година и со Резолуција да го извести Генералното Собрание за продолжување на членството во Обединетите Нации и во сите меѓународни организации под единственото државно и историско име кое се состои само од еден збор - зборот МАКЕДОНИЈА, со можност за употреба на уставната додавка "Република", како јасна разлика од истоимените региони во северна провинција на Грција и југо-западна провинција во Бугарија, без латинична транскрипција на македонскиот јазик (Republika Makedonija), туку на англиски јазик "Republic of Macedonia", со меѓународниот код МК односно МКД и нотификација на Македонскиот народ и Македонскиот јазик на англиски јазик Macedonian people и Macedonian language, независно од историските хипотеки: окупацијата врз Македонија од Балканските војни 1912-1913 година и геноцидот врз Македонскиот народ кој трае до денес!

СМК потсетува дека претседателот, премиерот, министрите и пратениците кои гласаа за промена на името на државата Македонија и идентитетот на Македонскиот народ, кога тогаш, ќе одговараат пред судот на правдата, народот и историјата, со доживотен затвор и конфискација на личниот имот и имотот на членовите на семејството дома и во светот. Никогаш северна, само Македонија вечна од исконот до бескрајот! Амин!

## 2025 ДА СЕ ПРОГЛАСИ ЗА ГОДИНА НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК!

14 декември 2024 година, Скопје, Македонија - Во организација на Здружението на Македонците од Егејскиот дел на Македонија "Сонцето од Кутлеш" со седиште во Скопје, денес во Домот на културата "Димитар Влахов" во населбата Автокоманда, Гази Баба, се одржи академија по повод 99 години од печатењето на македонскиот Абецедар за Македонците во Грција, од страна на Владата во Атина.

Модератор на академијата беше генералниот секретар на Сојузот на здруженијата на Македонците од Егејскиот дел на Македонија МАКЕДОН и претседател на Светскиот Македонски Конгрес, Тодор Петров, а за значењето на Абецедарот зборуваа проф.д-р Елка Јачева Улчар од Институтот за македонски јазик "Крсте Мисирков" во Скопје и член на Претседателството на

Сојузот на здруженијата на Македонците и децата бегалци од Егејскиот дел на Македонија МАКЕДОН и Лилјана Затуроска национален координатор за локална самоуправа во Владата на Македонија и потпретседател на Сојузот на здруженијата на Македонците и децата бегалци од Егејскиот дел на Македонија МАКЕДОН.

Присутните ги поздрави претседателот на Здружението на Македонците од Егејскиот дел на Македонија "Сонцето од Кутлеш", Јован Костадинов кој во името на здружението изрази благодарност до општина Гази Баба и градоначалникот Бобан Стефковски за помошта во одржувањето на оваа академија и се заблагодари на сите основачи на Здружението на Македонците од Егејскиот дел на Македонија "Сонцето од Кутлеш", како и на присутните на оваа академија за годишнината на едно многу значајно прашање од историјата на Македонците во Грција.

- Сметам дека по еден век крајно време е Абецедарот да излезе од затворените стручни и научни кругови. За него треба да знаат сите Македонци но, не само тие што живеат во Македонија. За него треба да знае и Брисел, ама и Њујорк, колку за споредба колку повеќе се грижеле за националните и идентитетски права и Европејците и Друштвото на народите, денес унапредено во Организација на Обединетите Нации, и колку 100 години подоцна се обезмоќени, обезгласени па дури и неми во однос на повторно развиорените националистички страсти во наводно демократските нивни членки Бугарија и Грција, - потсети проф.д-р Елка Јачева Улчар.

Проф.д-р Елка Јачева Улчар предложи повеќе настани со кои догодина во 2025 треба да се одбележи 100 годишнината од печатењето на Абецедарот во Грција и на 80 години од кодификацијата на македонскиот јазик, односно донесувањето на македонската азбука и правопис. Проф.д-р Елка Јачева Улчар иницира - 2025 да се прогласи за Година на македонскиот јазик!



## IN MEMORIAM

### ИЛИЈА ЈАНЧЕВ

**06 ЈУЛИ 1945 ГОДИНА - 01 ДЕКЕМВРИ 2024 ГОДИНА**



На 1 декември 2024 година во Виндзор почина Илија Јанчев. Тој беше член на Македонската православна црква „Свети Никола“, каде што претходно беше член на Управниот одбор и волонтираше на многуте настани во црковната заедница. Илија ќе остане запаметен како истакнат македонски патриот со неизмерна љубов и посветеност на својата родна земја Македонија и многупати го посетувал своето семејство дома, од неговото доаѓање во Канада.

Тој беше сниматель, често и помошник на зографот Глигор Стефанов,човек кој сакаше да слуша македонска и кантри музика,
уживаше во танцување, славејќи ги празниците со своето семејство.
Вечен да му биде споменот.
Бог да го прости!




*I'm all about bringing the vibe to your special day, whether it's a birthday, a graduation, community or opening event. Just let me know your music preferences, and i'll blend them seamlessly into non stop mixes that'll keep everyone dancing! With rhythm in my blood and music in my soul, I feel every beat deep within, a gift passed down from my musician parents. As DJAne, I translate that connection into an unforgettable experience, ensuring each song resonates with the crowd. Feel free to contact me anytime at: 647-461-4505 email: alexandrapet2005@gmail.com*




**Македонија**

To send articles, advertisements,
or to subscribe to
Macedonia newspaper please contact us at:
**macedonia.canada@yahoo.com**
Call or text: **416-827-0954**

**CANADIANA FLOWERS**

**www.canadianflowers.com**
**Design Studio, 3087 Kingston Road**
**Toronto, ON M1M 1P1**
**info@canadianaflowers.com**

**Toll Free: 888-265-767**
**Local: 416-265-6867**




# Dr. Elizabeth Dimovski
## Family Dental Office
## Home of the FREE Custom Mouth Guard
**For all our sports-playing patients! Call for details today!**
**2 Philosopher's Trail, Unit #1, Brampton, Ontario, L6S 4C9**
# 905-458-6620

# WE STRIVE TO BRING THE MACEDONIAN AND CANADIAN CULTURES CLOSER TOGETHER

## Our Vision

To be recognized within the community as a home that celebrates the Macedonian culture and heritage and provides accommodations for Seniors capable of living independently.

## Our Values

We play a vital role in support of Macedonian heritage and culture. We strive to bring the Macedonian and Canadian cultures closer together. We wish to create and support community involvement. We show respect, and support the feeling of self-dignity, to all our residents. We help bring a healthy lifestyle to the individuals that reside in CMP. We support and encourage family involvement and care.
We value diversity in ethnicity.

## Our Mission

To provide quality, affordable accommodations and companionship to Seniors of all backgrounds with an
aim to encourage the vibrant Macedonian culture in the city of Toronto, Ontario and all of Canada.

## Goals

Support and celebrate the Macedonian culture
; Offer companionship to all residents; Provide quality accommodations; Provide affordable housing

## Be a Volunteer

We support High School Volunteer Credits.
Our many fundraising events welcome your volunteer time and talents!

## MACEDONIAN OPEN

The Macedonian Open is one of Canada's longest running golf tournaments and today is Canadian Macedonian Place Foundation's largest annual fund raising event.

Over the years the Macedonian Open has raised over $1,200,000 in net proceeds for the benefit of Canadian Macedonian Place and other charitable causes supported by the current registered charity, Canadian Macedonian Place Foundation.










**850
O' Connor Drive
Toronto On
M4B 3L6**

Apartments for senior citizens 65+
Fully renovated one - bedroom suites with full kitchen
Bathroom with shower stall especially designed for seniors

Limited subsidy available, subject to eligibility Balcony or patio walk out;
Outdoor parking available
For more information please call at 416-755-9231
Zlatka Cokov or Margarita Donakovski or Snezana Jakimovska.

**Amenities**
Macedonian Place offers a lower lounge with a cozy fireplace and bar over looking the ravine. The ceiling has engraved walnut wood panels and a beautiful chandelier. There are glass display cases with traditional folk costumes and artefacts as well as trophies from the Macedonian Golf Tournament which first took place in 1942. The Front Lounge with a cozy fireplace and three wall murals depicting the life in the "old country", provides a warm and inviting place to enjoy the day.
-On the Main Floor next to the Lounge is the Entertainment Lounge/TV Room where residents watch their favourite shows or sports games. Outside, the walkways and gardens offer a lovely setting, set in an active area of East York, is within walking distance of many facilities. The TTC stops at our door.

**Nearby: Restaurants; Drug Stores;Banks;Beauty Salons;Bowling Alley;Transit Stops**

**Канадско-македонскиот дом располага со апартмани за лица над 65 години;
Целосно реновирани апартмани со спална, дневна, кујна, балкон и бања со туш;
Располагаме и со паркинг места за станарите;
Можете да аплицирате за намалена кирија која е ограничена и предмет на квалификација.**

**За повеќе информации јавете се кај:
Златка Чоков, Маргарита Донаковски или Снежана Јакимовска**

**на тел. број: 416-755-9231**

**ZCokov@CanadianMacedonianPlace.com
MDonakovski@CanadianMacedonianPlace.com
sjakimovska@canadianmacedonianplace.com**

# Организација Обединети Македонци во Канада

# ГОЦЕВА КОМИТСКА ВЕЧЕР





# 52ND ANNUAL GOTSE DELCHEV NIGHT

## Saturday, February 1st, 2025

**Сабота, 1ви февруари 2025, 6:30pm**

MOC St. Clement of Ohrid - 76 OVERLEA BLVD, TORONTO, ON, M4H 1C5

**Влезници:За возрасни $70**
**За деца до 12 години $30**




За почесен гостин овој пат е поканет Фикрет Сак, македонски деец од Турција



**Fikret Sak, a Macedonian activist from Turkey, has been invited as a guest of honor.**

**For more information and reservation please contact us at:**
**За влезници јавете се кај:**
**претседателот Ристо на телефон 647-678-9360, или кај секретарот Драги на телефон 416-823-6520**

# Вицови

**СРЕЌНА НОВА ГОДИНА НА СИТЕ!**

Келнерот го погледна.- Будало, каква Нова година, само септември е!
Пијаницата се фаќа за глава:-Лелеее, жена ми ќе ме убие, никогаш не сум дошол дома толку доцна од забава.

**НИКОЈ НЕМА ДА БИДЕ ЗАПОСТАВЕН**

Еден млад човек влегува во книжарницата и прашува:
- Имаш ли новогодишни честитки на кои пишува „Единствена љубов моја"?
Продавачката се насмевна:
- Секако.- Дај ми пет парчиња!

**ТОЈ НЕ МОЖЕ ДА НАПРАВИ СÈ**

Дедо Мраз им дели подароци на граѓаните во центарот на градот.
- Кој сака автомобил? - праша тој.
- Јас - рече еден човек.- Кој сака злато?
- прашува Дедо Мраз.- Јас - рече истиот човек.
- Кој сака компјутер?- Јас! - одговара истиот човек.
- А кој сака да биде тепан? - прашал Дедо Мраз, видно изнервиран.- Ајде луѓе, земете и вие нешто - рекол човекот.

**ЛОЗИНКА ЗА НОВА ГОДИНА**

Според најновите статистики на Дедо Мраз, желбата на секое друго дете е да ја знае лозинката од компјутерот на мама и тато.

**ПЕТОК 13**

Зборуваат две русокоси, па првата ќе:
- Дали знаете дека оваа година Новата година се паѓа во петок? Друг е загрижен: - Ех, се додека не е 13.

**БАБА ГО ПРАШУВА ТАКСИСТОТ:**

- Колку должам за возење?- 10 евра бабо. Бабата дава 5 евра,а таксистот вели:- не 5 туку 10. Бабата вели:- па што сакаш, и ти се возеше?

**СОВЕТ**

Еден човек се јавува во ординација и го прашува докторот за совет:- Докторе, мојата сопруга е болна, го изгубила гласот и не може да зборува. Што да правам?
- Уживај, човеку, уживај!

**"SPEAK ENGLISH"**

Еден странец дошол во кафулето на Трпе, умирајќи од глад, и рекол:
-„ "Speak English" "?
Не му кажувај ништо на Трпе , кога пак ова:
- „Sprechen sie Deutsch"?

Трпе гледа во странецот, кој доаѓа до вратата, кога странецот се обидува уште еднаш:
- "Parle vu France? На непознатиот му се смачило и си заминал налутен, кога Стојан од позадина искоментирал:
- „Ти реков дека би било добро да знаеме барем еден странски јазик!
Перо вели на тоа:
- „Што ќе ми направи туѓ јазик, зборува три и уште е гладен!

**ПИЈАНИЦА**

Доаѓа пијаница во кафеаната и вика:- „Сите политичари се будали! Трпе му вели:
- "Не навредувај!"
- „Што си ТИ политичар? прашува пијаниот.- "Не, јас сум будала."

**ТРПЕ НА ОПЕРАЦИОНАТА МАСА**

Трпе лежи на операционата маса, опкружен со лекари и медицински сестри, целиот е вознемирен и го прашува докторот:
- Докторе, слушнав нешто, дали е вистина дека нема да ме оперирате мене туку вашиот студент, како дипломски труд?
**Докторот одговорил:**
- Така е Трпе, но не грижи се, јас ќе бидам таму цело време.
- Но докторе, што ако операцијата не успее?
- Ништо, детето ќе падне на испит.

# Афоризми

► -Градски живот: Милиони луѓе, осамени заедно.
► -Животот е трагедија полна со радост.
► Тишината е една од големите уметности на разговарање.
► -Учен будала е оној кој прочитал се' и се' запомнил.
► -Најубавите сеќавања се оние заборавените.
► -Визионерот е единствениот вистински реалист.
► -Образованието е форма на верба.
► -Постои степен на толеранција кој се граничи со навреда.
► -Статистиката не е ништо друго, туку лажна вистина.
► -Стимулацијата на писателот е крајниот рок, тој најлошо пишува кога има време.
► -Колку вреди нештото ќе дознаеш кога ќе го изгубиш.



# НАПРАВИ САМ




Во оваа рубрика НАПРАВИ САМ ќе може да се запознаете како да направите прекрасен дизајн, декорација, украс, нова облека, разни акцесорис за вас лично или во вашиот

дом. Изработката на сите предмети е рачна и понекогаш на машина за шиење. Материјалите кои ги користам во изработката на предметите и облеката се веќе искористени или постоечки во некој друг дезен и вид, кој се разбира не ни треба повеќе. Рециклирањето е број еден за заштита на нашата убава планета земја. Затоа да бидеме инвентивни и да направиме нешто убаво и корисно!Да почнеме:
Денес ќе ви дадам идеја како да си го украсите домот со направени нови декорации за Нова година и Божик:



**1.Зелен гилендер;**
**2. Венец за на врата ;**
**3. Мала новогодишна елка;**
**4.Раѓањето на Исус – мали фигури;**
**5.Новогодишни украси.**

Драги читатели стигна крајот на оваа година па, редно е да ја испратиме и да ја дочекаме Новата година во убаво украсен дом. За новогодишната атмосфера ви е потребна елка, колку голема тоа зависи од вашиот вкус, може да биде и природна!

Кога украсувате почнете од најмалите лампиони, украси од самиот врв.
Најпрво ставете ги сијаличките!

Гилендерот на скалите украсете го со новогодишни украси, новогодишните чорапи закачете ги со машнички и по некој поголем украс. На влезната врата ставете го венецот кој јас традиционално го закачувам секоја Нова година. Божикните фигурчиња од колекцијата на Play doll ги користам симболично украсени со зелениот гилендер за на маса, свеќа на батерии и навистина атмосферата е волшебна. Драги читатели сега е вашиот ред да пробате и да уживате во некоја нова идеја и декорација за новогодишната и божикна ноќ.

**Господ Исус Христос да ве благослови во новата 2025 година! Среќни Новогодишни и Божикни празници!**

Рубриката НАПРАВИ САМ ви ја подготви Каролина Ристеска.

## УНЕСКО МАКЕДОНСКАТА ГАЈДА ПРОГЛАСЕНА ЗА СВЕТСКО НЕМАТЕРИЈАЛНО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО

8 декември 2024 година, Асунсион, Парагвај - На 19-та седница на Меѓувладиниот комитет на УНЕСКО одржана во Асунсион, Парагвај, македонската гајда, еден од најпрепознатливите македонски народни музички инструменти, доби светско признание како нематеријално културно наследство! Номинацијата за впишување на гајдата беше подготвена пред две и пол години во соработка со Турција. Според одлуката на Телото за евалуација, гајдата ја симболизира културната поврзаност, единството и чувството на припадност. Подготвителниот процес опфати истражувања, фестивали, проекти и заеднички активности на експерти, изведувачи и други засегнати страни.

- Изработката и свирењето на гајдата ја промовираат солидарноста и културниот идентитет, служат како мост помеѓу генерациите и поттикнуваат меѓународна соработка, - се наведува во одлуката за впишување.
- Гајдата, свирена низ руралните средини, универзитетите и три континенти, го претставува нашето наследство. Ова признание е резултат на долгогодишна посветеност и успешна соработка со Турција, - ја истакна важноста на ова признание, Весела Честоева, в.д. директорка на Управата за заштита на културното наследство на Македонија.



Со впишувањето на македонската гајда, Македонија сега има шест впишани добра, од кои две се заеднички со Турција. Признанието отвора нови можности за заштита, промоција и зачувување на ова културно богатство за идните генерации. УНЕСКО продолжува да поддржува традиции и вештини кои ја збогатуваат светската културна сцена, поттикнувајќи нивно зачувување и вреднување.

## МАКЕДОНСКАТА КУЈНА НА 47 МЕСТО МЕЃУ НАЈДОБРИТЕ 100 НАЦИОНАЛНИ КУЈНИ ВО СВЕТОТ

Популарниот гастрономски портал за храна и патувања, „Тејст атлас" (Taste Atlas) ја објави листата на 100 најдобри национални кујни во светот за 2024 – 25 година. Македонската кујна го зазеде 47 место (со оценка 4,16 од 5).

На гастрономската платформа има повеќе од 10.000 јадења и пијалаци. Се препорачуваат и традиционални јадења и автентични ресторани. Годинашните ранг-листи се креирани врз основа на речиси 400.000 оценки за храна и 115.000 оценки за прехранбените производи.
На првите 10 места меѓу државите, се наоѓаат: Грција (со оценка 4,6 од 5), Италија, Мексико, Шпанија, Португалија, Турција, Индонезија, Франција, Јапонија и Кина.



Во однос на македонските специјалитети, во рубриката „Мора да се проба", највисоко рангирани се зелникот и макалото (со оценка 4,5 од 5), па сарма (4,4), ајвар и охридска пастрмка – со истата оценка. Меѓу пијалаците се истакнати вината „Шато Камник" и „Тиквеш".

*On behalf of the Executive and Staff of Carpenters' Union Local 27, we would like to wish everyone a safe and Happy Holidays!*




222 Rowntree Dairy Road | Woodbridge, ON L4L 9T2 | T: 905-652-4140

www.ubc27.ca @carpenters27




Најголемиот македонски автомобилски парк во Канада.
Јавете во COMSTOCK кај Панде и Марко Јадилебовски



# Pearl White

Dental Hygiene Clinic

Your Dental Hygienist:
Atina Gorgiev RDH

Accepting all insurances, including CDCP

pearlwhitedentalhygieneclinic@gmail.com

(416)-817-7650

301-4430 Bathurst St.
North York, ON. M3H 3S3



## Подготвил Отец Сашо Целески, парохиски свештеник
## во МПЦ Св.Климент Охридски, Торонто
## Macedonian Orthodox Calendar 2025 (by father Sasho Celeski)

### 2025 ЈАНУАРИ 31 ден

| Д | нов | стар | КОЛОЖЕГ |
|---|---|---|---|
| С | 1 | 19 | Св. мч. Бонифациј; св. Григориј Омирит. (Грег.Нова Год.) |
| Ч | 2 | 20 | *Прет. на Рожд.*; †св. Игнатиј Богон.; св. Јован Кроншт. |
| П | 3 | 21 | Св. мч-чка Јулијана и 630 мч-ци со неа |
| С | 4 | 22 | Св. вмч-чка Анастасија и др. |
| | | | Н. 28 по Педесетница, пред Рождество Христово, ***на Светите Отци*** Гл 3; Ев.В.6 На Литургија Апостол Евр (11,9-10,17-23,32-40); Ев. Мт 1 (1,1-25) |
| Н | 5 | 23 | Преп. Наум Охридски; преп. Нифонт Чудотворец |
| П | 6 | 24 | Преп. мч-чка Евгенија; преп. Николај Монах (***Бадник***) |
| В | 7 | 25 | Рождество на Господ Исус Христос – БОЖИК |
| С | 8 | 26 | Собор на Прес. Богородица; **преп. Никодим Прилепски** |
| Ч | 9 | 27 | Св. првомаченик и архиѓакон Стефан |
| П | 10 | 28 | Св. 20.000 Никомидиски мч-ци; преп. Симеон Мироточив |
| С | 11 | 29 | Св. 14.000 Витлеемски мч-ци |
| | | | Недела 29 по Педесетница по Рожд. Христово, Гл. 4; Ев.В.7, На Литургија Апостол Гал (1, 11-19); Ев. Мт 4 (2, 13-23) |
| Н | 12 | 30 | † **Св. Гаврил Велички**; св. мч. Анисија; пр. Теодора Цариг. |
| П | 13 | 31 | *Одд. на Рожд.*; преп. Меланија Рим.; бл. Теофилакт Охрид. |
| В | 14 | 1 | Обрезание на Господ Исус Х.; св. Василиј Вел (Пр. Н. Год.) |
| С | 15 | 2 | *Претпр. на Богојав*; св. Силвестер; преп. Серафим Саров. |
| Ч | 16 | 3 | Св. пр. Малахиј; св. мч. Гордиј; св. Геновева Париска |
| П | 17 | 4 | Собор на св. 70 ап-ли; преп. Теоктист; преп. мч. Онуфриј |
| С | 18 | 5 | *Водокрст;* † св. мч-ци Теопемпт и Теона; *(пост)* |
| | | | Недела 30 по Педесетница, ***Богојавление***, Гл. 5; Мк 1, 9-11, На Литургија Апостол Тит (2, 11-14; 3,4-7); Ев. Мт 6 (3, 13-17) |
| Н | 19 | 6 | Богојавление – Водици |
| П | 20 | 7 | Собор на св. Јован Крстител |
| В | 21 | 8 | †**Св. Григориј Охридски**; св. Георгиј Хозевит; преп.Доминика |
| С | 22 | 9 | Св. мч. Полиевкт; св. Евстратиј; св. Филип Московски |
| Ч | 23 | 10 | Св. Григориј Ниски; св. Маркијан; св. Теофан Затворник |
| П | 24 | 11 | † **Преп. Јоаникиј Ракотински**; преп. Теодосиј Велики |
| С | 25 | 12 | Св. мч-чка Татјана; св. мч. Петар Авесаламит |
| | | | Недела 31 по Педесетница, ***по Богојавление*** Гл. 6; Ев. В 9, На Литургија Апостол 1 Тим (1, 15-17); Ев. Лк 93 (18, 35-43) |
| Н | 26 | 13 | Св. мч-ци Ермил и Стратоник; преп. Максим Капсокаливит |
| П | 27 | 14 | *Одд. на Богојавление*; св. Нина Грузиска; св. Сава Српски |
| В | 28 | 15 | † **Преп. Гаврил Лесновски; преп. Прохор Пчињски** |
| С | 29 | 16 | † **Чесни вериги на св. ап. Петар**; св. Ромил Раванички |
| Ч | 30 | 17 | † **Преп. Антониј Велики; св. Теодосиј Вел.; св. Георгиј Јан.** |
| П | 31 | 18 | † **Св. Атанасиј Велики; св. Кирил Александриски** |

### 2025 JANUARY 31 days

| D | new | old | ORTHODOX CALENDAR |
|---|---|---|---|
| W | 1 | 19 | St. Boniface, Martyr (Gregorian **NEW YEAR**) |
| T | 2 | 20 | † St.Ignatius the Godbearer, st. John of Kr.(*Antef.of Nativity*) |
| F | 3 | 21 | St. Juliana of Nicomedia, Martyr and 630 Martyrs with her |
| S | 4 | 22 | St. Anastasia, Great Martyr |
| | | | 28th Sunday after Pentecost, before Nativity of Christ Tone 3, Res. Gospel 6; on Divine Liturgy: Hebr. (11,9-10, 17-23, 32-40); Mt. 1 (1, 1-25) |
| S | 5 | 23 | Venerable Naum of Ohrid |
| M | 6 | 24 | St. Eugenia, Martyr (*CHRISTMAS EVE*) |
| T | 7 | 25 | Nativity of our Lord Jesus Christ (*CHRISTMAS*) |
| W | 8 | 26 | Synaxis of the all Holy Mother of God; **St. Nicodim of Prilep** |
| T | 9 | 27 | St. Stephen, Apostle, Archdeacon and First Martyr |
| F | 10 | 28 | 20,000 Martyrs of Nicomedia: St. Dominica, martyr |
| S | 11 | 29 | 14,000 Holy Innocents of Bethlehem |
| | | | 29th Sunday after Pentecost, after Nativity of Christ,Tone 4; Res. Gospel 7; on Divine Liturgy. Gal. (1, 11-19); Mt. 4 (2, 13-23) |
| S | 12 | 30 | † **St. Gavril Velichki;** St. Anysia, martyr |
| M | 13 | 31 | St. Melanie, venerable *(Apod. of Nativity)* |
| T | 14 | 1 | Circumcision of our Lord; St. Basil the Great (Orth.NewYear) |
| W | 15 | 2 | St. Silvester; St. Seraphim of Sarov *(Antef. of Epiphany)* |
| T | 16 | 3 | St. Malachias, prophet; St. Gordius, martyr |
| F | 17 | 4 | Synaxis of the 70 Apostles; venerable Theoctistus |
| S | 18 | 5 | † Sts. Theopemtus and Theona - *BLESS WATERS* *(fast)* |
| | | | 30th Sunday after Pentecost, **Theophany**, Tone 5; Gospel Mk 1, 9-11; on Divine Liturgy: Tit (2, 11-14; 3,4-7); Mt. 6 (3, 13-17) |
| S | 19 | 6 | Theophany – Baptism of our Lord |
| M | 20 | 7 | Synaxis of St. John the Baptist |
| T | 21 | 8 | † **St. Gregory of Ohrid;** St. George, the Chozebite |
| W | 22 | 9 | St. Polyeuct, martyr; St. Eustatius, venerable |
| T | 23 | 10 | St. Gregory of Nyssa; St. Dometian |
| F | 24 | 11 | † **St. Joanikij Rakotinski;** St. Theodosius The Great |
| S | 25 | 12 | St. Tatiana, martyr |
| | | | 31st Sunday after Pentecost, **After Theophany,** Tone 6; Res. Gospel 9; on Divine Liturgy: 1 Tim. (1,15-17); Lk. 93 (18, 35-43) |
| S | 26 | 13 | St. Hermylos and Stratonicus, martyrs |
| M | 27 | 14 | St. Sava; St. Nina of Georgia *(Apod. of Theophany)* |
| T | 28 | 15 | † **St. Gavril Lesnovski; St. Prohor Pchinski** |
| W | 29 | 16 | † **Feast of St. Peter's Chains** |
| T | 30 | 17 | † **St. Anthony the Great** |
| F | 31 | 18 | † **St. Athanasius the Great; St. Cyril of Alexandria** |





*Funeral planning can get overwhelming, but you're not alone. Our staff is here to support you and help you through your grief journey while honoring your loved one. To help you get started, below is some helpful information. But please feel free to contact us with any questions.*

HERITAGE FUNERAL CENTRE

O'Connor Bros & Ralph Day Chapels

# OLD MILL PASTRY & DELI




**WELCOME TO OLD MILL PASTRY And DELI**

## Freshly Baked Bread and Pastries

*Old Mill Cafe is an Eastern European coffee shop*

*We serve freshly brewed coffee, balkan-style hot meals and delicious desserts*

Contact Address:

385 The West Mall, Etobicoke,
ON M9C 1E7, Canada

Contact Info:

416.551.1779 / 416.519.0064
Email: info@oldmillpastry.ca

Working Hours:

Tuesday to Sunday 8:00AM - 8:00PM
Monday - CLOSED

